РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
МЕТОДИ МИТЕВСКИ БРИЦО н.о.
Бр. 02-637/3
16.07 2025 год
ДЕЛЧЕВО


**Средно оштинско училиште „Методи Митевски- Брицо"**
Бул. „М. М. Брицо" бр.35, 2320 Делчево тел/ факс 033 411 864, 078 220 411
www.mmbrico.edu.mk , email: sou-metodijamitevskibrico-delchevo@schools.mk


Врз основа на член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за Средно образование од Законот за средно образование (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ" БР. 44/1995; 16/1996; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 41/2001; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 18/2003; 67/2004; 51/2005; 55/2005; 113/2005; 3/2006; 35/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 98/2008; 88/2009; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 135/2014; 10/2015; 98/2015; 145/2015; 30/2016; 127/2016; 67/2017; 64/2018; 161/2019; 229/2020, 269/2023 78/2025, 132/25) а во врска со член 154 став 1 алинеја 3 од Статутот на средното општинско училиште "Методи Митевски - Брицо"-Делчево, Училишниот одбор на училиштето на седницата одржана на ден 15.07.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
за усвојување на **Годишната програма за работа** на СОУ„Методи Митевски Брицо„-
Делчево за учебната 2025/2026 година
со предлог до Советот на Општина Делчево за нејзино донесување

**Чл.1**

Се усвојува Годишната програма за работа на СОУ„Методи Митевски Брицо„-Делчево за учебната 2025/2026 година, со 7 (седум) гласови "ЗА" колку што и присуствуваа на седницата од вкупно 12 членови на училшниот одбор од кои еден без право на одлучување-преставникот од деловната заедница (Програмата е составен дел на оваа одлука).

**Чл.2**

Усвоената програма за работа на училиштето се предлага до Советот на општина Делчево.

**Чл.3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и да се достави заедно со Програмата до Советот на општина Делчево за нејзино усвојување.

Училишен одбор
Претседател
Весна Димитровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ М.М БРИЦО
1
ДЕЛЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
МЕТОДИ МИТЕВСКИ БРИЦО
Бр. 02-637/5
16.07 2025 год.
ДЕЛЧЕВО


Средно оштинско училиште „Методи Митевски- Брицо"
Бул. „М. М. Брицо" бр.35, 2320 Делчево тел/ факс 033 411 864, 078 220 411
www.mmbrico.edu.mk , email: sou-metodijamitevskibrico-delchevo@schools.mk


**ВЕРИФИКАЦИОНЕН АКТ**

Врз основа на член 89-а став 1 алинеја 2 од Законот за Средно образование од Законот за средно образование (СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ" БР. 44/1995; 16/1996; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 41/2001; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 18/2003; 67/2004; 51/2005; 55/2005; 113/2005; 3/2006; 35/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 98/2008; 88/2009; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012; 24/2013; 41/2014; 116/2014; 135/2014; 10/2015; 98/2015; 145/2015; 30/2016; 127/2016; 67/2017; 64/2018; 161/2019; 229/2020, 269/2023 78/2025, 132/25), а во врска со член 154 став 1 алинеја 3 од Статутот на Средното општинско училиште "Методи Митевски - Брицо" од Делчево, Училишниот одбор на училиштето на седницата одржана на ден 15.07.2025 година, а по повод усвојувањето на **Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година**, од вкупниот број преставници во Училишниот одбор 12, присуствуваа 7 претставника и сите седум (7) гласаа за усвојување на годишната програма за работа за учебната 2025/2026 година.

Според тоа согласно Статутарните одредби, се смета дека Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година **Е УСВОЕНА**.

Училишен одбор
Претседател,
Весна Димитровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ М М БРИЦО
1
ДЕЛЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
МЕТОДИ МИТЕВСКИ БРИЦО п.о.
Бр. 01-638/2
16.07. 2025 год
ДЕЛЧЕВО

Средно општинско училиште
„Методи Митевски - Брицо“ - Делчево

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
# ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА
# НА СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
# „МЕТОДИ МИТЕВСКИ - БРИЦО“ – ДЕЛЧЕВО
# ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

## Содржина


ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 5
ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО ..... 5
ИСТОРИЈАТ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 7
УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 8
РЕСУРСИ СО КОИ РАСПОЛАГА УЧИЛИШТЕТО ..... 9
МАПА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 10
ЧОВЕЧКИ И КАДРОВИ РЕСУРСИ ..... 11
СТАРОСНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ ..... 12
РАКОВОДНИ, УПРАВНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ..... 12
СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 17
АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ ..... 18
УЧЕНИЦИ ..... 19
ГЛАВНИ ПРАВЦИ ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 21
ВЕЌЕ НАУЧЕНО/ СТЕКНАТИ ИСКУСТВА ..... 23
ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ..... 24
ГЛОБАЛНА СТРУКТУРА НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ ..... 26
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО ..... 28
ЗАДОЛЖИТЕЛНА НАСТАВА ..... 28
ИЗБОРНА НАСТАВА ..... 29
ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ..... 30
СЛОБОДНИ ЧАСОВИ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 31
ПРАКТИЧНА НАСТАВА ..... 31
ФЕРИЈАЛНА ПРАКСА ..... 32
ИСПИТИ ..... 33
МАТУРСКИ ИСПИТИ ..... 33
ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА ..... 34
ДОДАТНА НАСТАВА ..... 36
КОНСУЛТАТИВНА НАСТАВА ..... 36
ВОННАСТАВНИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ДЕЈНОСТИ ..... 37
СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ ..... 37
ОПШТЕСТВЕНО-КОРИСНА РАБОТА ..... 37
ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ И КУЛТУРАТА НА ЖИВЕЕЊЕТО ..... 39
ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО ..... 39
ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ ..... 40
ХИГИЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО ..... 41
СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ ..... 41
АКТИВНОСТИ ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО ..... 41
УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД ..... 42
ТРАДИЦИИ ВО УЧИЛИШТЕТО ..... 42
УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ ..... 42
УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА ..... 43
ЕКО ПАТРОЛИ ..... 44

ЕКОЛОШКИ АКЦИИ И КАМПАЊИ ... 44
ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ХРАНА ... 45
БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО ... 45
АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ... 48
ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО ... 49
ОДНОСИ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ ... 50
ДИСЦИПЛИНА ... 51
СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ ... 52
СОРАБОТКА СО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА, СТОПАНСТВОТО И ЈАВНИОТ ЖИВОТ ... 53
СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ... 54
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 54
УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ ... 54
КУЛТУРНА И ЈАВНА ДЕЈНОСТ ... 55
СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ... 55
СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ... 56
ПЛАНИРАЊЕ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ... 56
ВРЕДНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА НАСТАВНИКОТ ... 59
ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА ... 60
СТРУЧНО И ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ... 60
ВОСПИТНА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО ... 62
ГОДИШЕН КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА ... 63
ПРОЕКТИ ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА ... 65
ПРИЛОЗИ КОН ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ... 68

# ЦЕЛ И ЗНАЧЕЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

Тргнувајќи од фактот дека за успешна реализација на воспитно-образовната дејност во училиштето работата треба да се планира и програмира, целта на оваа годишна програма за работа е да се осмисли дејноста на училиштето за учебната 2025/2026 година и да се направи селекција и конкретизација на дидактичките елементи на воспитно-образовната дејност (цел, задачи, содржини, методи и форми на работа и сл.), условите за работа во училиштето (простор, опрема, кадар и други потреби) како и динамиката на реализација на задачите и активностите во текот на целата учебна година.

Демократизацијата и промените во животот и работата на училиштето бараат воспоставување поинаков начин на размислување, однесување и работа од сите вработени во училиштето. Поголема е улогата на ученикот и неговите развојни можности. Тој учествува и во планирањето и во реализацијата, на тој начин се чувствува одговорен и мотивиран за учење и развој. Ученикот и наставникот заеднички учествуваат во подготовката на содржината што ќе се работи и како ќе се работи на часот.

Наставникот е изворот на информации, дијагностицира, организира, упатува, координира, воведува во новите методи и постапки и пренесува ново знаење. Со еден збор, променети се улогите и на наставникот и на ученикот.

Затоа, доследната примена на училишната програма ќе значи континуирано подобрување и напредок во постигнувањата на учениците.

Исто така, годишната програма за работа обезбедува функционално и оперативно поврзување на субјектите во училиштето и условите за работа во процесот на воспитно-образовната дејност, односно обезбедува:

- уредност, систематичност и оперативност во непосредната организација и реализација
- ефикасност во раководењето и педагошко водење на воспитно-образовната дејност во училиштето
- квалитетен систем за следење, анализирање и вреднување на работата и резултатите што се постигнуваат

Воедно оваа годишна програма претставува појдовен елемент за развој на училишните планови со што во иднина би се донеле долгорочни развојни планови и програми за подобрување на работата на училиштето.

## *Појдовни основи за изготвување на годишната програма за работа на училиштето*

- Уставот на Република Северна Македонија
- Законот за средно образование и Националната програма за развој на образованието
- Статутот на училиштето
- Годишниот извештај за работа на училиштето за претходната учебна година
- Заклучните одредби од минатогодишниот извештај за работа на училиштето
- Условите за работа во училиштето и условите во локалната средина
- Приоритетните подрачја во работата на училиштето
- Развојниот план на училиштето
- Оценка од интегрална евалуација
- Заклучоци од Стручните активи
- Проект за интеграција на еколошка едукација во образовниот систем
- Препораки од самоевалуација на училиштето
- Државна стратегија за развој на образованието и други документи

# ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

| Име на училиштето | Средно општинско училиште „Методи Митевски Брицо" |
|---|---|
| **Адреса, општина** | Булевар „М.М.Брицо" број 35, 2320 Делчево |
| **Телефони** | Директор 078 220 411<br>Педагошка служба 078 372 870<br>Администрација 033 411 864 |
| **Факс** | 033 411 864 |
| **Електронска пошта** | mm_brico@hotmail.com |
| **Web страна** | www.mmbrico.edu.mk |
| **Патронен празник** | 15 април |
| **Основач** | Собрание на Општина Делчево |
| **Верификација-број на актот** | Бр.01-1773 од 31.03.1961 од Народен одбор на општина Делчево. Гимназиското образование, општествено– хуманистичко подрачје, природно– математичко подрачје и јазично– уметничко подрачје е верифицирано со Решение број 02- 2460/1 од 15.05 2004 година од Министерство за образование и наука. Текстилно кожарската струка е верифицирана со акт број 13-1576/2019 од 20.05.2020 година од Министерство за образование и наука. Хемиско-технолошката струка е верифицирана со акт број 11- 2228/3 од 08.06.2011 година од Министерство за образование и наука. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик |
| **Година на изградба** | 1960 |
| **Тип на градба** | Тврда градба со приземје и два ката |
| **Површина на објектот** | 4311 $m^2$ |

| | |
|---|---|
| Површина на спортски терени и игралишта | 3350 m$^2$ |
| Начин на загревање | Нафта |
| Училиштето работи во смени | Една смена |

| Директор | Дијана Цонева |
|---|---|
| Број на ученици | **302** |
| Број на ученици кои патуваат | **60** |
| Број на паралелки | **21** |
| Број на вработени | **56** |

## ИСТОРИЈАТ НА УЧИЛИШТЕТО

Средното општинско училиште „Методи Митевски - Брицо" работи во подрачјето на општина Делчево која се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка-1524 m), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10 km. На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница. Во неа живеат 17 713 жители, од кои 10. 454 во општинскиот центар.





Средното општинско училиште "Методи Митевски - Брицо" се наоѓа во централниот дел на градот, непосредно до семафорите во градот на Булевар „М.М.Брицо" бр. 35, во близина на Судот во делчево, Полициската станица и ООУ "С.лимент Охридски" .
Од учебната 1961/62 во Делчево се појави првата средношколска институција во ова подрачје, гимназијата „Методи Митевски - Брицо". Оваа гимназија имаше за цел да образува кадри за понатамошен побрз стопански општествен развој во оваа подрачје. Методи Митевски-Брицо во 1975 година прераснува во училишен центар за средно образование.

Бројот на учениците во оваа гимназија од 1961/62 год. постепено се повеќе се зголемува, а особено од учебната 1975/76 година со воведувањето на повеќе струки, меѓу кои се: машинската и лозаро-овоштарската струка (1980/81), текстилна (1982/83), правна (1983/84), хемиско- технолошка (2010/2011).
Училиштето го носи името на Методи Митевски-Брицо (1924 - 1962). Методи Митевски-Брицо е роден на 15 април 1924 г. во Делчево, во сиромашно семејство од татко Зафир – бербер и мајка Зуица. Основното образование го завршува во Делчево, а понатамошното школување го продолжува во Штип. Тој со своето знаење и со своите стремежи за слобода и независност на македонскиот народ, му овозможува да стане член на револуционерното движење.

# УСЛОВИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УЧИЛИШТЕТО

Од основањето до денес, цели 64 години, нашето училиште се развива и менува според потребите што ги условуваат општествените промени, научниот и технолошкиот развој, истакнува модел во општината и пошироко со препознатлив белег на динамично училиште кое учениците и вработените го доживуваат како институција во која припаѓаат и уживаат.

Времето во кое живееме и делуваме со сегашните промени и предизвици поттикнуваат планирање и следење на развојот на училиштето, анализа на поставеноста и ефикасноста, негово иновирање и преобразување во нов вид училиште кое ќе ги одразува времето, потребите и прогресот.

Планирањето на активностите во сите подрачја како и ефектите кои се очекуваат од нивната реализација во голема мера зависат и се во согласност со условите во училиштето т.е. ресурсите со кои располагаме, како што се материјално-техничките, човечките, кадровите, финансиските и општите услови во локалната средина.

Училиштето ги задоволува критериумите и нормативите за простор, опрема, наставни и нагледни средства и помагала. Зградата на училиштето има користен простор од 2380 $m^2$, односно просечно по ученик. Зградата располага со доволен број ходници и со санитарни простории.

Училишната зграда се загрева преку сопствено парно греење. Дворното место е во рамките на стандардите и опфаќа површина од од кои спортски терени, цементирана површина и училишен парк.

За одржување на училишните згради, училиштето добива материјални средства од Општина Делчево, Министерството за образование и наука и со аплицирање во проекти за истата намена.

Училиштето ќе продолжи со трендот на реновирање во зависност од финансиските средства со кои располага. Училиштето располага со современи наставни средства потребни за успешен воспитно-образовен процес и примена на современи наставни методи, кои континуирано се обновуваат и усовршуваат.

И понатаму, училиштето ќе биде во контакт со ресорното министерство, локалната самоуправа и сите владини и невладини организации со цел посолидно опремување со нова технологија и литература. Училиштето располага со доволен број комплети од бесплатните учебници од МОН, и учениците ќе ги добијат навреме. Во тек е и достава на учебниците кои недостасуваат.

## РЕСУРСИ СО КОИ РАСПОЛАГА УЧИЛИШТЕТО

<table>
<tr><td rowspan="8">Материјално – технички ресурси</td><td>1 кабинет</td><td>5 канцеларии</td></tr>
<tr><td>22 класични училници</td><td>1 библиотека</td></tr>
<tr><td>2 кабинетизирани училници</td><td>1 игралиште</td></tr>
<tr><td>1 работилница</td><td>1 конгресна сала</td></tr>
<tr><td>1 спортска сала</td><td>Компјутери</td></tr>
<tr><td>Телевизори</td><td>Смарт табли<br>ЛЦД проектори</td></tr>
<tr><td colspan="2">Наставни средства</td></tr>
<tr><td colspan="2">Училиштето располага и со други современи наставни средства потребни за успешен воспитно-образовен процес и примена на современи наставни методи. Опременоста со наставни средства, помагала и материјали придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати. Училиштето располага со простор и опрема кои ги задоволуваат стандардите за квалитетно изведување на наставата според наставните планови и програми кои се изведуваат во училиштето. Трендот на доопремување на училиштето со потребна опрема за изведување на теоретска и практична настава и понатаму ќе продолжи. Владата на Република Северна Македонија секоја нова учебна година обезбедува бесплатни учебници кои се распоредуваат на секој ученик.</td></tr>
<tr><td rowspan="5">Ресурски од локалната заедница</td><td colspan="2">Институции</td></tr>
<tr><td>Општина Делчево</td><td>КУД “Гоце Делчев”</td></tr>
<tr><td>Јавна локална библиотека „Илинден”</td><td>Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Делчево</td></tr>
<tr><td>Културен дом “Никола Јонков Вапцаров”</td><td>Дневен центар – Делчево</td></tr>
<tr><td>ООУ “Св. Климент Охридски”<br>ООУ “Ванчо Прке”</td><td>ДОО ФРОТИРКА – КОМПАНИ, ЛУКА – ТЕКС ДООЕЛ, Тренд Дизајн ДООЕЛ, ММЦ ПРОГРЕС ДООЕЛ, ТД “Рудине “– Делчево</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Финансиски ресурси</td><td colspan="2">Блок дотации – општинска сметка</td></tr>
<tr><td colspan="2">Самофинансирачка сметка</td></tr>
<tr><td colspan="2">Донации</td></tr>
</table>

# МАПА НА УЧИЛИШТЕТО



## ЧОВЕЧКИ И КАДРОВИ РЕСУРСИ

| | Паралелки | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Турци | | Роми | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж |
| Ученици | I година гимназиско образование 3 паралелки | 67 | | | | | | |
| | I година стручно образование 2 паралелки | 21 | | | | | | |
| | II година гимназиско образование 3паралелки | 50 | 25 | 25 | / | / | / | / |
| | II година стручно образование 2 паралелки | 13 | 5 | 7 | / | / | / | 1 |
| | III година гимназиско образование 4 паралелки | 66 | 19 | 32 | 1 | 1 | 2 | 1 |
| | III година стручно образование 2 паралелки | 28 | 13 | 11 | / | / | 2 | 2 |
| | IV година гимназиско образование 4 паралелки | 54 | 19 | 35 | / | / | / | / |
| | IV година стручно образование 1 паралелка | 13 | 4 | 7 | 1 | / | 1 | / |
| | **Вкупно** | **302** | | | | | | |

| Вработени | | Стручна подготовка | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Високо | Вишо | Средно | Основно |
| **Наставен кадар** | Професори | 45 | | | |
| | Дополнуваат од друго училиште | 3 | | | |
| **Раководител** | Директор | 1 | | | |
| | Помошник директор | 1 | | | |
| **Стручна служба** | Педагог | 1 | | | |
| | Социолог | 1 | | | |
| **Административно финансиска служба** | Советник за нормативно правни работи, секретар-правник | 1 | | | |
| | Благајник- самостоен референт за благајна | | | 1 | |
| | Технички секретар- виш референт за деловно работење | | | 1 | |
| **Библиотека** | Библиотекар | 2 | | | |
| **Техничко помошен персонал** | Хигиеничари | | | 2 | 1 |
| | Хаусмајстор | | | 1 | |
| | Мајстор-одржувач | | | 1 | |
| | Економ-домаќин | | | 1 | |
| | **Вкупно** | **60** | | | |

## СТАРОСНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 25-34 | 3 |
| 35-44 | 13 |
| 45-54 | 14 |
| 55-64 | 26 |

## *РАКОВОДНИ, УПРАВНИ И СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА*

### ДИРЕКТОР

Директорот е раководен орган на училиштето и е одговорен за законитоста во работата на училиштето, се грижи за статусот и положбата на вработените, ја организира и ја раководи воспитно-образовната работа, самостојно донесува одлуки, го застапува училиштето пред надворешни лица.

- Предлага годишна програма за работата до Училишниот одбор и презема мерки за нејзино спроведување
- Ги извршува одлуките на Училишниот одбор
- Непосредно раководи со училиштето
- Ја организира воспитно образовната работа
- Врши распределба на класни раководства и часови
- Изготвува предлог план за јавни набавки и финансиски план и истите ги доставува до УО на усвојување
- Врши избор на наставници и стручни соработници и др.административно-технички кадар
- Одлучува за распоредување на наставници, стручни соработници и др.административно-тех.кадар
- Поднесува извештај за успехот и постигнатите резултати во восп.-образов.работа до БРО
- Одлучува за престанок на работниот однос на наставниците, стрчните соработници и друг административно-техничкиот кадар
- Склучува договори, потпишува сведителства, решенија, налози и др.акти согласно законот
- Одобрува отсуства на вработени и ученици
- Одредува замена на ненадејно отсутни работници
- Претседава и раководи со седниците на Наставничкиот совет и активно учествува во работата на други стручни органи во училиштето
- Назначува лице со посебни овластувања
- Избира комисии од негова надлежност
- Издава соопштенија и наредби
- Самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата надлежност утврдена со закон, други прописи и општи акти на училиштето
- Го претставува и застапува училиштето пред трети лица

- Се грижи за законитоста во работата и за примена на законите, други прописи, статут и други акти на училиштето
- Поднесува извештај за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година до училишниот одбор и општината
- Учествува во подготвување на материјалите на училишниот одбор и други органи во училиштето
- Врши инструктивно педагошки надзор во училиштето
- Се грижи за редот и дисциплината во училиштето

## УЧИЛИШЕН ОДБОР

Училишниот одбор е орган на управување во училиштето.

Тој брои дванаесет членови и тоа: 4 претставници од наставници, 3 од претставници од родителите на учениците, 3 претставници од основачот и по еден претставник од Министерството и од деловната единица (Стопанска комора). Училишниот одбор го донесува:

- Статутот
- Годишната програма за работа и го усвојува Извештајот за работа
- Предлага годишен финансиски план до Министерството, предлага завршна сметка
- Донесува годишен план за јавни набавки,
- Одлучува за приговори и жалби на вработени, ученици и родители
- Разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето

## СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

Во училиштето како орган постои Советот на родители. Него го сочинуваат родители на ученици од секоја паралелка како и наставници од секоја генерација по еден. Советот работи по Правилник изготвен од страна на членовите.

Родителите се еден интегрален дел на училиштето, тие помагаат во целокупната работа на училиштето како и во релизацијата на годишната програма. Тие се вклучени во процесот на позитивните промени кои се случуваат во нашето училиште.

Родителите се почесто се присутни во училниците заедно со наставниците и учениците. Учествуваат во организацијата на отворени денови и часови, во реализацијата на проектите, вклучени се како гости - предавачи на најразновидни теми, учествуваат во најразлични акции за одржување на училишниот двор, хуманитарни акции и др.

Советот на родители во училиштето ќе ги врши следниве активности:

- запознавање со целите и задачите на советот на родители
- разгледува прашања од животот и работата на училиштето и дава мислење за подобрување на воспитно-образовната работа.
- го разгледува успехот и поведението на учениците и дава мислење за неговото подобрување
- избира двајца преставници за училишен одбор
- ја следи редовноста на учениците и дава мислење за нејзино подобрување
- соработува со Наставничкиот совет
- преку свои преставници учествува во работата на Училишнот одбор
- се грижи за обезбедување на материјални средства за осовременување на наставата, изведување на екскурзии со учениците, награди за учениците, посети и подобрување на условите за работа на училиштето
- се грижи за обезбедување на средства за учениците-социјални сличаи

- следи одредени предавања, теми и дебати
- активност и соработка со училишни советници за професионална ориентација.

## НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ

Наставничкиот совет претставува највисок стручен орган во училиштето, кој се грижи и за целокупната стручна и воспитно-образовна работа во училиштето. Наставничкиот совет ја следи, проучува и унапредува наставата и другите воспитно-образовни активности.
Наставничкиот совет го сочинуваат сите наставници што предаваат во училиштето и стручните лица, а со него раководи директорот на училиштето.

Тој е иницијатор на осовременување на наставниот процес, затоа се залага за примена на иновациите во наставата како и примена на активни методи форми и средства кои го подобруваат квалитетот на наставата. Како највисок стручен орган се ангажира во остварувањето на задачите што произлегуваат од општата програмска структура. Една од тие задачи секако е следењето и подобрувањето на квалитетот на наставниот процес, како и следењето на слободните ученички активности, ученички организации, јавна и културна дејност, грижа за здравјето на учениците и друго.

Наставничките совети секогаш се збогатувани со најразлични теми и содржини кои се во интерес на унапредувањето на наставниот процес. Секако значајно место на нашите наставнички совети биле реализациите на постигнатите успеси и поведението на учениците на тримесечието, полугодието и крајот на учебната година. Од направената анализа се согледува моменталната состојба на успехот и поведението на учениците и се бараат соодветни форми, методи и средства за нивно подобрување. Следејки го успехот и поведението на учениците дава предлози за нивно наградување како и опоменување врз основа на Правилник.

## СОВЕТ НА ПАРАЛЕЛКАТА

Советот на паралелката го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава во таа паралелка и стручните соработници. Посебно се грижи за следните проблеми: колку редовно е посетувана наставата од страна на учениците; проблеми во паралелката; што е преземено за надминување на слабостите и недостатоците во текот на наставната работа; на што се должи општиот успех во паралелката; недостатоци во оценувањето; состојбата во поглед на одделни аспекти од воспитната работа со учениците; какви ефекти се постигнати со дополнителната и додатната настава; што е постигнато во откривањето и помагањето на талентираните ученици и сл.

## СТРУЧНИ АКТИВИ

Во СОУ "Методи Митевски - Брицо"- Делчево, формирани се стручни активи кај повеќе наставни предмети, и тоа кај оние предмети што се изведуваат со двајца и повеќе наставници, како и сродните предмети. Со формирањето на стручните активи се создадоа услови да наставниците по исти или слични предмети да изготват планови за работа и соработка во наставно-воспитниот процес, со што ќе се постигне координираност во изведувањето на одделните програмски целини по одделните предмети.

Во оваа учебна година формирани се следните стручни активи:

- стручен актив од областа на македонскиот јазик и литература
- стручен актив од областа на странските јазици

- стручен актив од областа на математиката и информатиката
- стручен актив од областа на природните предмети
- стручен актив од областа на општествената група на предмети
- стручен актив од областа на изборните преднети
- стручен актив од областа на стручните предмети во стручното образование

## РАКОВОДИТЕЛ НА ПАРАЛЕЛКА

Се избира од редот на наставниците кои изведуваат настава. Тој ја следи работата и дисциплината во паралелката и се грижи за редовното изведување на наставата, за редовноста на учениците и за постигнување на повисок успех.

Врз основа на планираните теми и активности секој класен во зависност од индивидуалните потреби на класот ја прави сопствената програма за работа на класниот час. Како надополнување на активностите на класниот час ќе бидат и содржините од Програмата за образование за животни вештини.

Во оваа учебна година поголем акцент ќе се стави на дискусиите околу односот на учениците кон училишниот инвентар, одржување на училишната хигиена и редовноста на учениците. За одделни прашања раководителите на паралелките соработуваат со стручната служба, но и со други институции во општината (здравниот дом, црвен крст, домот на културата, матичната библиотека, локалната самоуправа, одделни фабрики во општината и др.), во подготовката за одделни дискусии и излагања, како и за активно вклучување на учениците во одделни практични активности.

## СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Стручните соработници: педагог, социолог и библиотекар, своите работни должности ги извршуваат согласно Законот за средно образование, Статутот на училиштето и Инструментот за вреднување на постигањата на работните должности на стручните соработници.

Концептот, системот и организацијата на работата на стручната служба во училиштата се тесно поврзани и условени од функционирањето на комплетна социјално-педагошка и психолошка служба како интегрален дел на воспитниот и образовниот процес. Впрочем, една солидна иправилна педагошка, психолошка и социјална дијагноза со прогноза за развојот и терапијата што
следи за социјално-воспитното однесување на ученикот може да дава само стручна екипа.

Примената на современи начини и методи на различни проблеми од областа на воспитанието и образованието како и иновации во наставата се одлика на долгогодишната работа на стручните соработници во училиштето.

## МЕНАЏЕРСКИ ТИМ

Менаџерскиот тим на училиштето е стручен орган кој го сочинуваат директорот, помошник директорот, педагогот, социологот и претседателите на стручните активи.

Основна цел на секое училиште е градење на високо ефективно училиште. Меѓутоа, неговата ефективност не е крајно достигнување, туку преставува процес на постојан развој во кој е потребно да се вложува континуиран напор од сите субјекти. Подобрувањето на работата на училиштето претставува обврска и одговорност на сите негови партиципиенти насочена кон подобрување на квалитетот на учењето. „Како да ја постигнеме заедничката цел?“

Секако, единствен пат е нашата заедничка визија за што поефективно училиште.

Во суштина, процесот на визионирањето преставува обид да се антиципира можната иднина со цел преку акциите во сегашноста да се влијае на случувањата во иднина. Со вкупниот процес на визионирање всушност пошироко се осмислуваат промените. Визијата е вистински споделена кога ти и јас имаме иста „слика во главата" и кога таа е во согласност со „сликата" што некој друг ја има индивидуално. Споделената визија е визија која луѓето навистина ја сакаат бидејќи ја вклучува и нивната лична визија. Нашето училиште настојува да изгради заедничка визија со постојано охрабрување на членовите на колективот да изградат сопствена визија.

Всушност неминовна е потребата од операционализирање на нашето работење, дефинирање на она што сме спремни да го направиме и секако да се најде соодветен начин како соработниците и околината да ја подржат промената и да се вклучат во нејзина успешна имплементација.

Училиштето кое учи има ефективно раководство и менаџмент (директорот, училишниот одбор и менаџерскиот тим делуваат единствено) при што секоја индивидуа во потполност е вклучена во идентификација и решавање на проблемите, експериментирање и подигање на своите способности до максимум.

Единствено на овој начин, со комбинација на сите елементи на кои се заснова една организација која постојано учи, училиштето може спремно да се соочи со идните проблеми.

Со формирањето на менаџерски тим на училиштето создадена е позитивна клима во самото училиште. Доаѓа до промена на начинот на раководење и управување со училиштето како и поголема слобода во изнесувањето на идеи од страна на сите вработени како и вклучување на родителите, учениците и претставници од локалната самоуправа во решавање на проблемите со што се воспоставува нова кулура во училиштето.

## СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО

<table>
<tr><td>Членови на училишен одбор</td><td colspan="2">Претседател Весна Димитровска<br>Внатрешни членови Даниела Мијалчова, Ванчо Велковски, Јасминка Величковска<br>Надворешни членови Магдалена Жежовска, Даниела Сумрачка, Гордана Петровска, Јулија Крстевска, Лејла Анакиевска, Даниела Николовска</td></tr>
<tr><td rowspan="8">Стручни активи</td><td>Стручен актив</td><td>Претседател</td></tr>
<tr><td>Стручен актив по македонски јазик и литература</td><td>Весна Соколовска</td></tr>
<tr><td>Стручен актив по странски јазици</td><td>Лидија Таушански</td></tr>
<tr><td>Стручен актив по математика и информатика</td><td>Соња Трајковска</td></tr>
<tr><td>Стручен актив по природни предмети</td><td>Стојка Даневска</td></tr>
<tr><td>Стручен актив по општествена група на предмети</td><td>Весна Димитровска</td></tr>
<tr><td>Стручен актив по изборни предмети</td><td>Билјана Ивановска</td></tr>
<tr><td>Стручен актив по стручни предмети</td><td>Сузана Трендафилова</td></tr>
<tr><td>Членови на ученичка заедница</td><td colspan="2">Претседателите на паралелките</td></tr>
<tr><td>Еко одбор</td><td colspan="2">Наставници, ученици, претставници од техничкиот персонал, претставници од Совет на родители и Училишниот одбор</td></tr>
</table>

## АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ

| | | |
|---|---|---|
| **Стручна служба** | Педагог | Емануела Манасиева Стојчевски |
| | Социолог | Наташа Колевска Јаневска |
| **Административно финансиска служба** | Советник за нормативно правни работи, секретар-правник | Марија Николовски |
| | Благајник- самостоен референт за благајна | Симона Спасевски |
| | Технички секретар-виш референт за деловно работење | Марија Велкова |
| **Библиотека** | Библиотекар | Лидија Антовска, Славица Рунтевска |
| **Техничко-помошен персонал** | Хигиеничари | Драган Терзиски, Драги Васев, Игор Јанковски |
| | Хаус мајстор | Славчо Тодоровски, |
| | Мајстор-одржувач | Драган Ѓеоргиевски |
| | Домаќин | Зоран Сумрачки |

## УЧЕНИЦИ

Статус на ученик во училиштето се стекнува со запишување во уписните рокови одредени од Министерството за образование и наука за учебната 2025/2026година.

Средното општинско училиште „Методи Митевски Брицо“ образува ученици во четири години општо гимназиско образование, текстилно кожарска струка образовен профил техничар за изработка на облеката и хемиско-технолошка струка образовен профил прехранбен техничар.

Предвидените подрачја и наставни предмети во гимназиско образование нудат основи за академско доусовршување и интегрирање во академската средина на Универзитетите во Република Северна Македонија и во странство. Од досега постигнатите резултати, може да се каже дека нашите ученици во голем процент се запишуваат на универзитите во државата, а дел од нив и на европските универзитети. Со завршувањето на стручното образование учениците стануваат конкурентни на пазарот на трудот и со стекнати знаења и вештини за вклучување во процесот на производство.

Во учебната 2025/2026година во училиштето се запишани 303 ученици во 21 паралелка.

Соработката со учениците ќе се базира врз основа на потребата ученикот да се третира како активен субјект во наставата и севкупниот живот на училиштето, да се почитува неговото мислење и да му се даде можност истото да го искаже. Учениците треба да се мотивираат да постигнуваат подобри резултати. За да имаат јасна слика за својот статус и улога во училиштето и општеството учениците ќе бидат благовремено запознаени со своите права и обврски. Пред се секој ученик треба да биде почитуван како личност без разлика на своите способности, талент, пол, раса, култура, традиции, националност, верска припадност и социјална положба, но исто така ученикот е должен да ја почитува личноста на своите соученици, наставници, родители и надворешните соработници. Во негувањето на угледот и достоинството на личноста на ученикот и на училиштето ученикот е должен да се грижи и придонесува за градење и развивање на позитивни и коректни односи со своите соученици при што:

• ги почитува своите соученици врз основа на другарство, искреност и отвореност;

меѓусебната соработка ја темели врз взаемно договарање и размена на искуство, т.е. кооперативност;

• во комуникацијата со учениците ги почитува нивните знаења и индивидуални квалитети;

• добронамерно и нетенденциозно укажува на слабостите на својот соученик со што го штити угледот на личноста на ученикот и на училиштето;

• да биде солидарен со својот соученик;

• да ја развива емпатијата;

• да им помага на другите ученици пренесувајќи го своето знаење и искуство.

Училиштето има изработено Кодекс на однесување на наставници и ученици и Куќен ред

| | Паралелка | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Турци | | Роми | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж |
| I година | I-1 | 22 | | | | | | |
| | I-2 | 20 | | | | | | |
| | I-3 | 25 | | | | | | |
| | I-4 | 11 | | | | | | |
| | I-5 | 10 | | | | | | |
| | Вкупно | 88 | | | | | | |

| | Паралелка | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Турци | | Роми | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж |
| II година | II-1 | 17 | 9 | 8 | / | / | / | / |
| | II-2 | 16 | 8 | 8 | / | / | / | / |
| | II-3 | 17 | 8 | 9 | / | / | / | / |
| | II-4 | 2 | / | 1 | / | / | / | 1 |
| | II-5 | 11 | 5 | 6 | / | / | / | / |
| | Вкупно | 63 | 30 | 32 | / | / | / | 1 |

| | Паралелка | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Турци | | Роми | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж |
| III година | III-1 | 18 | 10 | 7 | / | / | 1 | / |
| | III-2 | 13 | 4 | 8 | 1 | / | / | / |
| | III-3 | 13 | 2 | 10 | / | 1 | / | / |
| | III-4 | 12 | 3 | 7 | / | / | 1 | 1 |
| | III-5 | 11 | 4 | 3 | / | / | 2 | 2 |
| | III-6 | 17 | 9 | 8 | / | / | / | / |
| | Вкупно | 84 | 32 | 43 | 1 | 1 | 4 | 3 |

| | Паралелка | Број на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Турци | | Роми | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж |
| IV година | IV-1 | 9 | 2 | 7 | / | / | / | / |
| | IV-2 | 13 | 6 | 7 | / | / | / | / |
| | IV-3 | 20 | 5 | 15 | / | / | / | / |
| | IV-4 | 12 | 6 | 6 | / | / | / | / |
| | IV-5 | 13 | 4 | 7 | 1 | / | 1 | / |
| | Вкупно | 67 | 23 | 42 | 1 | / | 1 | / |

# ГЛАВНИ ПРАВЦИ ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

Главните правци на развој на училиштето произлегуваат од мисијата и визијата на нашето училиште но и севкупното определување и политика на Република Северна Македонија која се определи за вклопување во европскиот и светскиот контекст имајќи го во предвид фактот за изградба на општество на знаење.

## *МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО*

Средното општинско училиште „Методи Митевски – Брицо" е воспитно-образовна институција со воспоставен систем на демократски вредности што се рефлектираат преку здрава, безбедна, дисциплинирана и стимулативна средина за учење во која се негува современа актуелна училишна култура и овозможува градење на младите луѓе во интелектуално, социјално и морално зрели личности достојни за почит во општеството.

## *ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО*

Во нашето училиште сакаме младите луѓе да се здобијат со трајни и употребливи знаења, со креативни и практични вештини овозможувајќи им своите интереси и способности да ги применат во сите области на работата и животот.

Визија на училиштето е модел што ќе биде инспиративен и мотивационен за работно ангажирање и создавање перспектива за младата генерација. За остварување на нашата визија неопходно е воспоставување на вистински и цврсти релации со сите органи и тела во училиштето.

## *ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО*

Наша цел е училиштето да прерасне во безбедна, културна, креативна и еко-средина во којашто учениците ќе доаѓаат со задоволство. Средината овозможува квалитетна и ефикасна настава, со најсовремени методи прилагодени кон потребите и интересите на учениците, наставниците и локалната средина. На учениците од текстилно-кожарската и хемиско-технолошката струка со соодветна едукација им се овозможува подготовка со практично оспособување за директно вклучување во пазарот на трудот или успешно продолжување на образованието.

**ОПШТИ ЦЕЛИ:**

- стекнување знаења, вештини и способности
- развивање свест за критичко прифаќање на општествените и социјалните процеси и појави

- поттикнување критичко и креативно мислење
- рационална и творечка примена на иновации и нови идеи
- применети знаења
- слобода на мислење
- флексибилност и адаптибилност во креирање ставови
- воспитување на лична одговорност
- запознавање со личните права и обврски
- развивање свест за заштита на природата и човековата околина
- развивање на потребата за доживотно учење
- истражување и промоција на ученичките права, слободи и различности
- развивање свесност за мултикултурализам и мултиетничка интеграција
- подигнување на свесноста за професионалната ориентација и кариерното советување
- унапредување на воспитно-образовниот процес преку користење на современа компјутерска технологија.

## ПОСЕБНИ ЦЕЛИ

- подигнување на квалитетот на наставата
- подобрување на редовноста на учениците
- развивање свест за професионално усовршување на наставниот кадар
- интеграција на ученикот во наставниот процес како творечки субјект
- активна соработка со родителите
- опремување на училиштето со современи наставни средства
- збогатување на библиотечниот фонд со стручна педагошко- психолошка литература
- подобри интерперсонални односи
- утврдување предлог - мерки и други начини за постигнување на редовноста на учениците во наставата
- подигнување на еколошката свест кај сите структури во училиштето
- подигање на свеста за справување со насилство
- подигање на свеста за иновации и претприемништво во воспитно-образовниот процес
- интензивирање на соработката со родителите (советување на родители)
- интензивирање на професионалната ориентација и кариерното советување како основа за избор на идна професија
- зголемена употреба на современа компјутерска технологија во наставниот процес.

## ПРОГРАМСКИ НАСОКИ

- Планирање и остварување на воспитно- образовниот процес според законските одредби и прописи на МОН и БРО на Република Северна Македонија.

- Континуирана анализа на наставниот процес, преку активна соработка на стручните активи, педагошко- психолошката служба, училишниот одбор и Директорот на Училиштето.
- Искористување на материјално – финансиските капацитети за разрешување проблеми од приоритетно значење за развој на училиштето.
- Подигнување на нивото на вклученост на семејството во воспитно –образовниот процес.
- Соработка со локалната средина.
- Соработка со научни, културни, спортски, хумантирани и невладини тела и организации.
- Соработка со педагошко-психолошката служба за одговорно подготвување, планирање и реализирање на наставните програми.
- Примена на активни методи на учење и современа технологија.
- Учество на учениците во планирањето и реализацијата на работата на училиштето.
- Континуирано следење на напредокот, постигнувањата и редовноста на учениците.

## ВЕЌЕ НАУЧЕНО/ СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

СОУ „Методи Митевски - Брицо “ – Делчево е училиште со долга традиција на успеси, награди и високи признанија на регионално, државно и меѓународно ниво. Претходната година во Годишната програма беа претставени активности за учениците и нивните ментори. Трудољубивоста, широкиот интерес за науката и работливоста придонесоа младите гимназијалци да ја продолжат традицијата на успешност.

Постигнаа високи резултати на сите натпревари на кои учествуваа, се закитија и со меѓународни признанија и награди. Учествуваа во многу проекти со кои го збогатија општествено-културниот живот во училиштето и општината, а посебно се истакнаа во отворената соработка со учениците, нивни врсници, од збратимените училишта од други градови, со што изградија мостови на нови пријателства.

Креативноста и потрагата по нови хоризонти ја искористија во многу дебати, работилници, семинари и обуки. Реализираа хуманитарни акции и покажаа дека подадената рака секогаш има кој да ја допре. Матурантите полагаа државна матура, и се надеваме дека ќе се запишат на саканите факултети стекнувајќи искуство дека изборот на вистинската професија е мал чекор за големи нешта во животот на човекот.

# ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Приоритетите во учебната 2025/2026година произлегуваат од Извештајот за работа на училиштето во учебната 2024/2025 година, Самоевалуацијата на училиштето, од укажувањата на инспекцискиот тим и реализираната интегрална евалуација, од законските обрски во делот на интеграција на еколошката едукација во образовниот систем како и изготвениот развоен план на училиштето.

Тие се поделени во неколку подрачја во кои се наведени предвидените активности кои се планираат за овој период, при што мора да се нагласи дека на некои одредени подрачја промените се во тек и се одвиваат во континуитет, но во рамките на ова некои процеси и активности треба да се интензивираат и забрзаат за да побрзо се достигнат зацртаните цели.

## *ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА И ОЦЕНУВАЊЕТО КАКО ДЕЛ ОД НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС*

- опремување на училиштето со современи нагледни средства, набавка на стручна литература
- развивање на современ компјутерско-информациски систем во училиштето, набавка на разновиден образовен софтвер
- обезбедување на помагала во наставата (дигитализација);
- обезбедување на опрема за кабинетска настава по сите наставни предмети;
- изработка на инструменти за следење и вреднување на наставата со цел за подобрување и поголема објективност при оценувањето на учениците
- обука за користење на современи наставни методи, примена на интерактивни методи, примена на ИКТ во наставата и надминување на традиционалната настава
- континуирано следење на начинот на реализација на наставата на наставниот кадар од страна на директорот и стручната служба, меѓусебно помагање, соработка и менторство
- примена на активни методи на учење и поучување соодветно на индивидуалните можности, потреби и интереси на учениците, учениците да се подготвуваат за справување со предизвици, да се развива критичко мислење, да се поттикнува нивната комуникација, соработка и кративноста, согласно препораките кои се давани во рамките на сите досегашни обуки за стручно усовршување на наставниците.
- дефинирање, изградба и реализација на конкретна стратегија за подобрување на постигнувањата на учениците, со задолжување на посебен тим во училиштето кој ќе ја следи и анализира проблематиката;
- трансформирана педагогија преку подготовен инклузивен и флексибилен распоред на часови преку кој се реализира наставниот план кој води до наставни практики кои ќе обезбедат постигања соодветно на индивидуалните можности на учениците

## *ПОТТИКНУВАЊЕ И ГРАДЕЊЕ НА СИСТЕМ НА ПОЗИТИВНИ ВРЕДНОСТИ НА СУБЈЕКТИТЕ ВО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС*

- зголемување на степенот на мотивираност и одговорност кај учениците за сопствениот напредок;
- активна улога на учениците во наставата;
- примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина , а начинот на кој се учи интересен;
- зголемување на нивото на компетентност на наставните за успешна комуникација со учениците;
- наставниците поредовно да ја користат информатичката технологија со цел да воспостават подобра комуникација со родителите и учениците.
- подобри интерперсонални односи;
- Градење училишна клима, структури и организација каде инклузијата, грижата, почитта и холистичката поддршка имаат централно место во мисијата на училиштата.
- подобрување на редовноста на наставниците и учениците.
- збогатување на воннаставните активности со нови наставни содржини
- вклучување на родителите во подобрувањето на постигнувањето на учениците во целиот воспитно-образовен процес.

## *КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО*

- Подобрување на имиџот на училиштето
- Наоѓање форми за поинтензивна соработка со родителите и нивно активно вклучување во животот и работата на училиштето
- Промоција на училиштето преку веб страната и изработка на училишен весник
- Поинтензивна соработка со невладини организации и бизнис секторот на локално ниво за подобрување на капацитетот на учениците
- Наоѓање на начини и форми за остварување на сопствен приход преку нудење на услуги сопствена производна програма

## *ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕДОВНИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ*

- подигнување на свеста на сите субјекти во училиштето на темата „Заштита на животната средина”
- одржување на училишната зграда уреден и еколошки двор
- намалување на потрошувачката на вода, заштеда на електрична енергија
- искористување на рециклиран отпад

# ГЛОБАЛНА СТРУКТУРА НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

Структурата на воспитно-образовната дејност во училиштето ја сочинуваат следните подрачја:

## 1. НАСТАВА

- задолжителна настава
- изборна настава
- проектни активности
- задолжителни изборни програми
- практична настава
- матурски и завршни испити
- дополнителна настава
- додатна настава
- консултативна настава

## 2. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

- слободни ученички активности
- производствена и дрга општествено корисна работа
- заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеењето
- грижа за здравјето
- превентивни програми
- хигиена во училиштето
- систематски прегледи
- ученички стандард
- традиции во училиштето
- ученички екскурзии
- ученичка заедница
- еко патроли
- еколошки акции и кампањи
- едукација за здрава храна
- безбедност во училиштето
- активности за професионална ориентација на учениците
- естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
- односи меѓу сите структури
- дисциплина
- соработка со родители
- вклученост во проекти

- соработка со воспитно-образовни институции и други институции од областа на културата, стопанството и јавниот живот
- соработка со локалната заедница
- ученички натпревари
- култура и јавна дејност
- училишен весник

## 3. СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО- ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

## 4. СТРУЧНО И ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

## 5. ВОСПИТНА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Наставата за учениците се изведува во една смена. Наставата започнува во 8:00 часот , а завршува во 14:10 часот. Меѓу часовите има мал одмор од 5 минути. Големиот одмор е меѓу 2 и 3 час и трае 30 минути.

### *РАСПОРЕД НА ЅВОНЕЊЕ*

| Час | Почеток на часот | Крај на часот |
|---|---|---|
| **1** | **8:00** | **8:45** |
| **2** | **8:50** | **9:35** |
| **Голем одмор од 9:35 до 10:05** | | |
| **3** | **10:05** | **10:50** |
| **4** | **10:55** | **11:40** |
| **5** | **11:45** | **12:30** |
| **6** | **12:35** | **13:20** |
| **7** | **13:25** | **14:10** |

## ЗАДОЛЖИТЕЛНА НАСТАВА

Задолжителната настава ќе се изведува според наставните планови и програми за гимназиското образование, текстилната струка и прехранбена струка..

Во гимназиското образование наставата ќе се одвива по планови и програми за гимназиско образование.

Во текстилните паралелки учениците работат по програмите за реформирано средно стручно образование.

Во прехранбената струка ќе се одвива наставата според програмата и планот за прехранбен техничар.

Наставните програми ги утврдуваат целите, задачите и содржините на наставните предмети, а од наставниците зависи кои форми методи и наставни средства ќе ги применуваат во нивната реализација.

Во текот на оваа учебна година наставата ќе се реализира во 23 паралелки, во текот на 36 работни седмици, односно во текот на годината, Согласно Календарот за организација на оваа учебна година треба да се остварат 180 работни денови со учениците од прва до трета година, а 166 работни денови со учениците од завршните класови.

Во зависност од содржините задолжителната настава ќе биде теоретска настава и образовна работна практика. Според начинот на организирање -предметна, а според односот на ученикот кон неа -задолжителна настава.

Практичната настава за учениците од текстилно-кожарската струка и хемиско технолошката струка ќе се организира и изведува во работилниците во училиштето.

Со цел за подобрување на квалитетот на наставата, постојните простории и материјални услови во училиштето рационално ќе се користат. По предметите: биологија, хемија, физика, информатика и музичка уметност имаме класични кабинети. Во наставата по сите предмети се користи комјутерската техника.

Наставата по спорт и спортски активности ќе се изведува во фискултурната сала и спортските терени со кои располага училиштето. Учениците кои ќе се определат за проектна активност од таа област наставата еден дел ќе ја изведуваат во училиштето, а еден дел надвор од него.

За потребите од лектири и друга литература учениците ќе можат да ги користат услугите на училишната библиотека.

За остварување на квалитетна настава посебно внимание ќе се посветува на квалитетот и навремено планирање на сите видови настава.

Годишните глобални планови за работа од сите наставници ќе се изготвуваат на почетокот на наставната година, тематските планирања и дневните подготовки во текот на целата година, и подготовките за новите наставни техники. При планирањето на наставата посебно да се води сметка за посовремени методи. При реализација на програмите по сите наставни предмети ќе се настојува да се остварат целите и задачите кои се предвидени со истите.

Низ сите наставни форми на работа по сите наставни предмети и слободни ученички активности постојано ќе се настојува кај учениците да се остварат основните цели и задачи на воспитно-образовниот процес а пред се:

- да се развие творечки однос кон трудот, љубов кон работата, солидарност и хуманист;
- да се развие чувство и одговорност за чување на општествената и личната сопственост;
- да се создадат личности со позитивни карактеристики;
- да се создадат навики за заштита на човековата средина;
- да се подготват и оспособат за успешно вклучување во општествениот живот и продолжување на понатамошното нивно образование.

## ИЗБОРНА НАСТАВА

Изборната настава е во функција на индивидуализација и диференцијација на наставата.

Кога веќе ученикот ќе се определи за одредена изборна програма, таа за него станува задолжителна настава. Изборните предмети имаат функција на продлабочување и промовирање на знаењето на учениците.

И оваа учебна година учениците од I (прва) година гимназиско образование при уписот се определуваат за изборно подрачје. Во II (втора) година ученикот од листата на изборните предмети избира еден предмет. Во III (трета) година и IV (четврта) година изборните предмети се групирани во три изборни подрачја: природно-математичко подрачје комбинација А, природно-математичко подрачје комбинација Б и општествено–хуманистичко подрачје комбинација А. Изборните предмети во гимназиското и стручното образование и изборните подрачја, како и изборот на проектните активности на учениците во гимназиското образование и слободните часови на учениците во стручното образование, учениците ги избираат по сопствена желба и интерес.

За изборните предмети, проектните активности и слободните часови најпрвин на учениците им се врши презентација, а потоа тие самите преку анкета се определуваат за својот избор.

Во стручното образование учениците на крајот од II (втора) и на крајот од III (трета) година од листата на изборни предмети се определуваат за 1 наставеи предмет кој го изучуваат во III (трета) и 1 наставеи предмет кој го изучуваат IV (четврта) година.

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Проектните активности претставуваат посебно подрачје во структурата на наставниот план на Гимназиското образование. Нивното воведување произлегува од целите на реформираното гимназиско образование. Тие создаваат адекватен простор во воспитно-образовната работа, каде учениците имаат можност да ги искажат своите знеаења, способности и умееења преку реализација на определени проектни активности.

Со самата реализација учениците ќе се стекнуваат со нови знеаења, ќе ги проверуваат своите организациони способности и самостојно да добијат одредени сознанија корисни за натамошното нивно школување.

Проектните активности не се наставен предмет како другите и не се реализираат со класично-образовна технологија. Тие се изведуваат со менторска настава каде наставникот ги подучува и оспособува учениците за самостојна групно-тимска работа.

Со проектни активности ученикот се насочува да ги проширува и продлабочува знаеењата, способностите и умееењата од областа што ја одбрал за задоволување на неговите лични потреби.

На ученикот му се дава можност да ги открие своите потенцијали и талент во изборната област. Овој вид настава бара ученикот да се воведе во самостојна истражувачка работа, во користење на литература, интернет и други изворни сознанија. Исто така ученикот се оспособува тоа што го истражил и го напишал да го презентира, да комуницира со луѓето во средината.

Проектни активности овозможуваат и развој на нова комуникација на релација професор-ученик. Тие се реалиизраат со фонд од 70 часови годишно од прва до четврта година,

по слободен избор на ученикот и во зависност од можностите на училиштето. Секој ученик мора да реализира две или една проектна активност во зависност од фондот на часовите.
Учениците што се определуваат за Хор и оркестар реализираат по една активност со 70 часа. Сите други се со по две од 35 часови годишно. Сите активности наведени во табеларниот преглед учениците можат да ги избираат од прва до четврта година.

Часовите од проектните активности не влегуваат во редовниот распоред на часови. Дел од нив се реализираат во училиштето(15), а дел дома (20).

Овој вид настава не се оценува, но е задолжителна за секој ученик. Доколку ученикот не ја реализира оваа своја обврска нема да му се издаде свидетелство за завршена година. Професорот кој реализира една проектна активност му се смета како еден час на ниво на година.

## СОДРЖИНИ ПРОГРАМИРАНИ ОД УЧИЛИШТЕТО

Содржините програмирани од училиштето се посебно подрачје во наставните планови за четиригодишното стручно образование. Тие имаат за цел да ги задоволат индивидуалните потреби на дел од учениците кои доброволно се определуваат за нив за стекнување, проширување и продлабочување на своите знаења, развивање на способности, вештини и изградување на сопствени ставови. Содржините програмирани од училиштето се застапени со 72 часа во прва, втора и трета година и до 66 часа во четврта година.

Функцијата на овие часови е задоволување на индивидуалните потреби на учениците како и поуспешна подготовка за матурскиот и завршниот испит, за професионален развој и усовршување на определени истражувачки техники и методи. За овие часови се предвидени подрачјата:

Групите за реализирање на Содржините програмирани од училиштето се формираат со 25 ученици. Тие ќе се реализираат во и надвор од училиштето не попречувајќи го редовниот распоред на часови. Времето и местото на реализација ќе го договараат наставникот и учениците.

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА И УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА

Практичната настава се дефинира како организирана форма на поучување која им овозможува на учениците да стекнат знаења, вештини и навики кои се потребни за вршење на работата во рамки на квалификацијата и оспособување за брзо вклучување во процесите на конкретна технологија на работа. Практичната настава е застапена во двете струки, текстилно кожарската струка и во хемиско технолошката струка и во двата образовни профили и е во функција на стручно-теоретските предмети. Неделната застапеност на часовите за практична настава се движи од 3 до 9 часа. Програмирана е со посебни наставни програми за секој образовен профил и за секоја наставна година. Предвидените часови за практична настава се опфатени со неделниот распоред на часови во училиштето. Согласно со наставната програма и бројот на

учениците ќе се реализира со целата паралелка или со групи. Практичната настава ќе се реализира како настава во училините кабинети и работилници.

Учењето преку работа (УПР) се дефинира како: учење што се одвива додека луѓето работат реална работа, оваа работа може да биде платена или неплатена, но мора да биде реална работа што е директно поврзана со производство на стоки и услуги. Учењето преку работа му овозможува на училиштето да има подобра соработка со компаниите, информираност за случувањата на пазарот на трудот и можност за следење на промените. Во тој контекст, училиштето го зголемува квалитетот на практичната обука и развојот на компетенциите на наставниците за нови технологии и процеси, како и можност за воведување иновации и континуирано подобрување. Соработката со компаниите овозможува и намалување на трошоците/заштеда за обезбедување скапа опрема и материјали за реализација на практичната настава во училишните кабинети.

Главни учесници во спроведувањето на УПР се: училишето, наставникот по практична настава, наставникот-координатор за практично образование, ученикот/ученичката, родителот/старател, работодавачите, менторите од компанија, коморите, надлежните министерства за: образование и наука, труд и социјална политика, финансии, Центарот за стручно образование и обука, синдикатот и општините. Неделната застапеност на часовите за УПР се движи од 4 до 10 часа.

Координаторот за практично образование е одговорен за организација и управување со релаизација на практичното образование кај работодавачот, како и за координација помеѓу работодавачите, наставниците по УПР кај работодавачот и учениците, пред, за време и по завршувањето на пракичното образование кај работодавач.

Координаторот за практично образование дава поддршка на директорот и на наставниците во училиштето, како и на работодавачите кои се вклучени во реализацијата на практичноо образование кај работодавач.

## ФЕРИЈАЛНА ПРАКСА

Според реформираните програми феријалната пракса се реализира согласно планот за стручно образование одобрен од Министерство за образование и наука.

Феријалната практика има посебно значење во оспособувањето на учениците за усвојување на целите, задачите и содржините во соодветните наставни планови и програми. Преку неа на учениците им се овозможува теоретските знаења непосредно да ги поврзат со практиката, односно да се запознаат и директно да се вклучат во извршувањето на определени работи и работни задачи од делокругот на образовниот профил. Таа има задача да ги обедини здобиените знаења од стручните предмети и да овозможи учениците да се здобијат со нови знаења. Се реализира во сите фирми кои се верифицирани за соодветната дејност.

Феријалната пракса во училиштето се спроведува по завршувањето на редовната настава во периодот од 11.06 до 31.08. во траење од 10 до 20 работни дена по 5 работни часа. Истата ја обавуваат сите ученици од прва, втора и трета година од сите образовни профили. По завршувањето на феријалната пракса, учениците добиваат потврда за успешно извршена пракса, која е услов за упис на ученикот во наредната учебна година. Учениците за време на феријалната пракса се под надзор на наставниците и стручниот кадар кај работодавачите.

## ИСПИТИ

Во согласност со законските прописи за организирање и реализација на испити во училиштето, а во зависност од интересите и условите на училиштето, во оваа учебна година ќе бидат организирани следниве форми на полагање:

1. Поправни испити – за ученици кои не постигнале доволен успех на крајот на годината, по еден или два предмети.

   Испитни рокови: јуни и август
2. Испити на годината по одделни предмети - учениците ќе ги полагаат во два испитни рока: јуни и август
3. Дополнителни испити – за оние ученици кои поминуваат од една во друга програма од средното образование или изборно подрачје предмети од гимназиското образование. Ученикот може да полага само еден предмет во еден испитен рок.

   Испитни рокови: август, септември, октомври (најдоцна до крајот на првото полугодие)
4. Испити за вонредни ученици – за оние ученици на кои законските прописи им дозолуваат вонредно школување

   Испитни рокови: јануари, февруари, март, април, мај, јуни, август, септември, октомври, ноември, декември. Во еден испитен рок, ученикот може да пријави најмногу три предмети.
5. Матурски испити - училишна и државна матура

## МАТУРСКИ ИСПИТИ

Државната матура во гимназиското и средното стручно образование е испит со кој ученикот го завршува средното образование.

Државната матура во гимназиското и стручното образование се состои од:

- задолжителен дел – еден наставен предмет;
- изборен дел – три општообразовни наставни предмети, и
- проектна задача – еден наставен предмет

Проверувањето и оценувањето се врши екстерно и интерно.

Училишна матура во гимназиското образование се состои од:

- задолжителен дел – еден наставен предмет,
- изборен дел – еден наставен предмет, и
- проектна задача – еден наставен предмет.

Проверувањето и оценувањето се врши интерно.

Завршен испит во четиригодишното стручно образование

- задолжителен дел – еден наставен предмет,
- изборен дел – еден наставен предмет, и
- проектна задача – еден наставен предмет

Проверувањето и оценувањето се врши интерно.

## ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

Дополнителната настава се организира за учениците од прва до четврта година кои што имаат потешкотии во учењето и прилично заостануваат по поедини наставни содржини и предмети од задолжителната настава. Значењето и целта на застапеноста на оваа настава е во насока на обезбедување минимум знаење и умеење кои ќе овозможат да напредуваат и оние ученици кои потешко ги совладуваат наставните содржини.

Учениците што ќе ја посетуваат оваа настава, како и содржините и подрачјата што ќе бидат опфатени ги одредува предметниот наставник, а распоредот на часовите го изготвува педагошко-психолошката служба во корелација со наставникот. Реализацијата на оваа настава е по часовите од задолжителната настава, а содржината на дополнителната настава се определува според видот на заостанувањето, на знаењата кај учениците. Вклучувањето и исклучувањето на учениците во дополнителната настава е поврзано со темпото на напредувањето и индивидуалните способности на поединци ученици во оваа и во задолжителната настава. Овој вид настава ќе трае во текот на целата учебна година и определени денови пред полагањето на поправните испити во месец јуни и август. Обврски на непосредните носители на задачите се :

- идентификација на учениците;
- планирање, реализација и организација на наставата

Ефектите што ги очекува училиштето се во насока на стекнување на основен квантум на знаења што ќе им овозможи на учениците вклучување во понатамошното школување и во животот.

Пропустите што ги прават некои професори кои им препуштаат на учениците доброволно да се пријават треба да биде променет, со постапка како што е предвидена, а тоа е професорот да одреди на кои ученици им е потребна дополнителна настава.

## *Ориентациона програма за дополнителната настава*

| Содржини и активности | Време на реализација | Носители | Цел на Активноста |
|---|---|---|---|
| **Подготовка на секој наставник за дополнителна настава (свој план и програма)** | Септември<br>- | Наставници | Дополнителната настава се организира со цел да им се помогне на учениците кои од разни причини имаат тешкотии во совладување на програмските содржини |
| **Детектирање на ученици на кои им е потребна дополнителна настава** | Прво тромесечие | Наставници | Со дополнителната настава на учениците треба да им се обезбеди простор и време тие да го достигнат темпото и квантумот на знаење што наставникот го бара |
| **Редовна соработка со ученици, родители, класни раководители и педагошко психолошка служба** | Во текот на цела учебна година | -наставници<br>-класни раководители<br>-педагог<br>-директор | Со дополнителната настава учениците да се оспособат како да учат, како да ги совладаат и усвојат знаењата |
| **Организирање на дополнителна настава и консултации** | По потреба на ученици и организација на училиштето (поинтезивно пред полугодие и поправните испити) | -наставник<br>-ученик | -Часовите од дополнителната настава не смеат и не треба да бидат идентични со секојдневната настава<br>-Наставниците во дополнителната настава да применат одредени методи, форма за оспособување на учениците за успешно и навремено совладување на одредена наставна содржина<br>-За оваа цел наставникот мора добро да ја познава методиката за оспособување на учениците за самостојно учење |

## ДОДАТНА НАСТАВА

Додатната настава се организира за учениците што имаат посебни способности и интереси за определени научни и наставни содржини.

Основна цел е да се обезбеди систематска работа со надарените и талентираните ученици според индивидуалните интереси. Значењето и целта на застапеноста на оваа настава е во насока на развивање на интелектуалните способности за стекнување продлабочени знаења од оние што ги стекнале по одредени предмети во текот на задолжителната настава.

Учениците како и содржините и подрачјата што ќе бидат опфатени ги определува предметниот наставник , а распоредот на часовите го изготвува директорот во договор со наставниците.

Ефектите што ги очекува училиштето се во насока на продлабочување на знаењата кај учениците, развивање на нивните интелектуални способности, учество на сите локални, регионални и Републички натпревари.

Во реализацијата на овој вид на настава се забележува слабост по еден голем дел од предметите. Се работи со мал број на ученици кои се подготвуваат за натпревари.

## КОНСУЛТАТИВНА НАСТАВА

Консултативната настава се изведува за укажување на помош на учениците пред поправни испити, пред полагање на завршен испит, при изработка на проектите, а исто така и пред правењето на писмени работи и писмена работа за завршен испит.

Ваквата консултативна настава освен за редовните ученици ќе се изведува и за вонредните ученици кои во процесот на самообразованието не се во состојба или пак тешко можат да го совладаат наставното градиво.

Консултативната настава ќе се одржува секогаш кога за тоа ќе искажат потреба учениците.

Во оваа учебна година ќе се настојува да се оствари посистематско следење и евидентирање на учениците со потешкотии во учењето, асоцијално и неадаптирано однесување. Посебен акцент ќе биде ставен и на одржувањето на дисциплината и хииената во училиштето, кое својата реализација ќе ја оствари преку реализација на дел од содржините предвидени во Програмата за животни вештини како и изработка на посебна Програма за намалување на насилството о ушилиштата. Нивната реализација ќе се оствари преку:

- класните часови на кои ќе биде водена дискусија и соодветни предавања;
- реализација на проектната активност – Урбана култура, во која учениците ќе изработат соодветен проект,
- во рамките на редовната настава по одделни предмети од областа на општествените науки и другите вон-наставни активности.

# ВОННАСТАВНИ ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ДЕЈНОСТИ

Ова подрачје од дејноста на училиштето има мошне широка содржина како и форми и патишта за вклучување на учениците од прва до четврта година. Самата организација на вонаставните активности има суштинско значење во воспитно-образовната дејност на училиштето. Се поаѓа од сознанието за мошне значајниот период од развојот на учениците за нивната насоченост  и интереси за изградување на основите на училишната култура, за поттикнување на естетските вкусови и желби за позабрзан физички и умствен развој.

## СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Се планираат како слободни активности за проширување на знаењата во поодделни предмети, слободни културно-уметнички активности, работно-производствени активности и слободни спортски активности. Во рамките на ова воспитно-образовно подрачје се планира и училишниот спорт.

Значењето и целта на застапеноста е поттикнување на креативниот дух на учениците според нивните способности, културно издигнување на личноста како и презентирање на нивните успеси и афирмација на училиштето. Структурата на слободните ученички активности опфаќа три воспитно образовни подрачја, а во зависност од содржините и начинот на реализирање се врши групирање на активностите.

Првото подрачје (слободно културно-уметнички активности) опфаќа секции преку кои учениците можат да го развијат својот уметничко-креативен дух преку убавиот пишан збор, сликањето, песната, драмата, новинарството и сл. Учениците како и досега активно ќе се вклучуваат во манифестации од општински карактер, значајни одбележувања, денот на учителот и денот на македонските просветители како и патрониот празник.

Второто подрачје (слободно-спортски активности) опфаќа активности преку кои учениците имаат можност да го развијат спортскиот афинитет кон некои дисциплини. Во ова подрачје имаме подршка и од локалната самоуправа како и од некои спонзори, бидејки преку нив се афирмира училиштето и градот.

Третото подрачје ги опфаќа задолжителните предмети, се мисли на секции по странските јазици, по природните предмети и општествената група на предмети.

## ОПШТЕСТВЕНО-КОРИСНА РАБОТА

Основната цел на општествено-корисната работа  е кај учениците да развива позитивен однос кон трудот, одговорност за чување и одржување на општествениот имот и унапредување на условите за живот и работа во училиштето и пошироко.

Се организира во вид на акции во вонаставното време и во неработните денови.

Во масовните акции (собирни акции, уредување на училишниот простор) ќе учествуваат сите ученици, додека во други помали акции учество ќе земат одделни групи ученици.

Носител на непосредната организација на активностите се: училиштето и ученичките заедници. Училиштето ќе создаде можности за организирање и изведување на вакви акции, при што ќе се вклучат и сите наставници во организирањето и реализирањето на акциите.

При изведувањето на општествено корисната работа ќе бидат активно вклучени: Унијата на средношколци, класните заедници, класните раководители, педагогот, социологот, психологот и директорот.

Во областа на општествено-корисната работа посебен акцент ќе се стави на заштитата на животната средина

- уредување на училишниот двор
- уредување на училишниот парк
- уредување на месната заедница на која припаѓа училиштето
- собирање на стари учебници, облека, материјални средства и дуга помош за социјално загрозени ученици и други лица
- разни општествени акции од екологијата за разубавување заштита на животната средина
- акции на солидарност како и помош на социјално загрозени лица и сл.

### *План за производствена и друга општествено-корисна работа*

| Активности | Време на реализација | Реализатори |
|---|---|---|
| Одржување и уредување на училнишната зграда, дворот и негување на зеленилото | Во текот на учебната година | Класен раководител<br>Ученичка заедница |
| Хуманитарни акции | Октомври<br>Ноември | Класен раководител<br>Ученичка заедница |
| Изработка на паноа и ѕидни весници | Ноември<br>Декември | Новинарска секција<br>Ликовна секција |
| Изложба на најдобри ученички трудови и фотографии | Април | Ученичка заедница |

## ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ И КУЛТУРАТА НА ЖИВЕЕЊЕТО

Физичкото и психичкото здравје на учениците е основна претпоставка за нивна успешна работа и напредување. Одделни задачи и содржини од ова подрачје се опфатени со програмите по предметите спорт и спортски активности и биологија, а дел од активностите ќе се реализираат и преку воннаставните активности, работата на класните заедници, Црвениот крст и сл.

Заштита и унапредување на здравјето на учениците се остварува и преку редовни лекарски прегледи, организирање превентивни мерки и лекарски интервенции, спортски активности, грижа за хигиенските и екстетско-културните услови за живот и работа во училиштето.

Во развивањето на здравствената култура на учениците особено значајна компонента во работењето е зачувувањето и развивањето на менталното здравје на учениците. Поради тоа, неопходно е во целокупната воспитно-образовна работа, во меѓусебните односи на наставниците, наставниците и учениците, како и меѓусебните односи на учениците да се применуваат принципите на менталната хигиена.

Училиштето има посебна задача и во воспитувањето на младите за рамноправни и хумани односи меѓу половите и нивна подготовка за заедничко живеење. Во рамките на оваа задача, училиштето треба да ги оспособува учениците да ги сфатат прашањата на хуманизацијата на односите меѓу половите, биолошките и психичките карактеристики на жената и мажот и сл.

Реализацијата на оваа задача ќе биде грижа на предметните наставници, класниот раководител, како и наставниците по социологија, биологија, македонски јазик и литература и спорт и спортски активности, а од формите на работа ќе се применуваат: предавања за учениците со дискусии, разговори и сл.

## ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Грижата за здравјето на учениците претставува перманентен процес во кој се вклучени сите субјекти, како: наставниците, учениците, стручните соработници, лекарите од Здравствен дом и родителите.

Училиштето треба да претставува безбеден простор за учениците во текот на изведувањето на наставата, како и во текот на реализација на воннаставните активности.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор.

Сите опасни места во училиштето и училишниот двор се заштитени и не претставуваат опасност за учениците. Редовно се сервисирани и проверени ПП апаратите.

Изготвен е правилник за постапување во случај на пожар и други елементарни непогоди.

Во училиштето има одбележани патокази кон излезите на училиштето во случај на елементарни непогоди, при што сите излези се прилагодени со отварање кон надвор.

Во училиштето секоја учебна година се обучува група на ученици за прва помош и заштита кои изведуваат и практични вежби – симулации, а воедно и редовно учествуваат на натпревари од оваа област.

## ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

Со превентивните програми ќе се планира реализирање на предавања, дискусии, дебати, работилници, и трибини за превенција од злоупотреба на психоактивните супстанции, спречување на насилството и подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците.

Ќе се настојува во сите овие активности задолжително да бидат вклучени учениците, а секако по потреба и родителите, како и стручни лица од одредена област согласно изборот на темата или актуелноста на проблемот. Дебатите, дискусиите ќе бидат менторирани од стручните соработници, класните раководители и соодветните предметни наставници.

- ***Едукативна програма за превенција на злоупотреба на дрога***

Целта на активностите ќе биде превенирање на ризичното однесување кое вклучува земање на алкохол и дрога. Одговорни лица ќе бидат стручните соработници и наставниците од наставните предмети кои ја третираат оваа проблематика. Исто така на класните часови ќе се обработуваат теми за превенција на злоупотреба на дрога од програмата " Образование за животни вештини". Реализација на некои содржини ќе биде во соработка со стручни лица кои работат на оваа област. Ќе се изготват едукативни флаери кои ќе бидат поделени на учениците и родителите

- ***Програма за спречување на насилството и подобрување на социо-емоционалната состојба***

Со едукативни содржини за решавање на конфликти, справување со стрес, ненасилно однесување и комуникација ќе настојуваме училиштето и понатаму да биде поттикнувачка средина за учење и развој. На класните часови ќе се обработуваат теми за подобрување на социо-емоционалниот развој на учениците преку теми од програмата „Образование за животни вештини" .

Во училиштето и понатаму ќе се води грижа за учениците со потешкотии во адаптацијата и социјалната интеракција, како и со проблеми на емотивен план. Програмата ќе ја реализира тим за спречување на насилството, стручната служба во соработка со класните раководители и стручни лица од други институции

## ХИГИЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО

За хигиената во училиштето може да се каже дека е на задоволително ниво. Училиштето располага со Правилник за работа на помошниот персонал, по кој се постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности.

Одржувањето на хигиената во училиштето како и секоја учебна година, така и оваа учебна година ќе се изведува со преземање на активности од страна на помошниот персонал: метење, комплетно чистење на просториите, прозорците, завеси, мебел, дезинфекција на тоалетите, отстранување на отпад, редовно одржување на училишниот двор.

Училиштето пред почетокот на секоја учебна година задолжително реализира дезинфекција, дератизација и дезинсекција на сите простории во училиштето од страна на Заводот за здравствена заштита, а се врши и фарбање и молерисување на сите простории во училиштето.

Редовно се снабдуваат со потребните средства за хигиена. Се води секојдневна грижа и за хигиената во санитарните јазли.

Свој придонес за хигиената во училиштето ќе дадат и учениците и наставниците кога неколкупати годишно ќе се спроведуваат акции за чистење на училиштето и училишниот двор.

## СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ

И оваа учебна година ќе се спроведат систематски прегледи за учениците од прва и четврта година, а за вработените во училиштето ќе бидат спроведени во предвидениот термин. Систематските прегледи за учениците ќе се одвиваат по претходно изготвен распоред по години, паралелки и време на реализација.

Систематските прегледи ќе бидат реализирани без да се попречува редовната настава.

## АКТИВНОСТИ ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Во текот на оваа година ќе се организираат предавања, дискусии, работилници, ликовни изложби и трибини за унапредување на здравјето. Покрај сите овие активности, мораме да споменеме дека грижата за здравјето на учениците претставува организиран процес, вграден и во рамките на проектната активност биологија и култура на здраво живеење, а секако и во дел од содржините од областа на спортските активности.

Повеќе работилници за унапредувањето на здравјето и културата за живеењето ќе се реализираат и на часовите на класната заедница преку програмата Образование за животни вештини.

Основни задачи на сите овие активности се:

- Да се развива и формира свеста кај учениците за здравјето како основен извор за среќата на човекот;
- Да се осознава штетното дејство на разни агенси врз здравјето на човекот и да се оспособува за активно учество во борбата за унапредување на здравјето;
- Да се развива свеста за поврзаноста на интелектуалната и мануелната работа и значењето на нивното содејство за зачувување на здравјето.

Одговорни наставници: класни раководители, наставници по спорт и спортски активности.

## УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

Во СОУ „Методи Митевски - Брицо" посебно внимание се посветува на ученичкиот стандард-сегмент на кој, континуирано се работи во насока на негово подобрување, демократичност, почитување на нивните права, интереси и заштита од било каква дискриминација. Во учебната 2025/2026 година на сите наши ученици подеднакво ќе им се овозможи воспитно-образовната дејност да ја реализираат во:

- Чисти и безбедни услови за работа
- Здрава и пријатна училишна клима за работа
- Стимулативна средина преку голем број на активности

## ТРАДИЦИИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Оваа година традиционално свечено ќе се одбележува 65 години од постоењето на училиштето. Патрониот празник на училиштето се одбележува на денот на раѓањето на патронот Методи Митевски -Брицо, 15 Април.

Свечено како и низа години наназад се одржува свечена матурска вечер за завршните класови.

Секоја година на матурантите свечено им се доделуваат дипломите за завршено образование.

## УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

Една од формите на воспитно-образовната работа со која се настојува учениците да се запознаат со одредени области од животот и работата на луѓето, практичната работа, природните убавини, културно-историските знаменитости, претставува екскурзијата.

Ученичките екскурзии се многу значаен дел во воспитно-образовниот процес, особено во релаксирањето на учениците, а кога кон тоа ќе се додаде и повеќето воспитни-елемнти во времето на екскурзиите, тие добиваат во своето значење. Екскурзиите како форма на воспитно

образовната работа се програмираат и организираат за остварување на две побитни функции: компензационо-образовно и општествено-рекреативно.

Носители на екскурзиите од воспитно-образовниот карактер се предметните наставници кои се испланирани во нивните годишни распределенија, а на рекреативно-воспитните екскурзии носители се наставниците по спорт и спортски активности како и наставниците по ликовна уметност и музичка уметност.

Во текот на учебната година, за сите ученици од I до IV година Ќе бидат организирани две еднодневни екскурзии со рекреативно-воспитен карактер, пролетна и есенска. Во текот на наставната година, исто така поради потребите на одредени предмети ќе се организираат еднодневни екскурзии, посети на културно-историски споменици, театарски претстави и сл.

Со учениците од текстилната струка ќе биде посетен саемот на модата и некои поголеми конфекциски куќи.

Училиштето ќе учествува на саемот на образованието познат под името Образовно Рандеву. Овие екскурзии ќе имаат воспитно-образовен карактер.

Со учениците од трета година ќе биде организирана повеќедневна екскурзија со воспитно-образовен карактер и културно-забавен карактер. Екскурзиите со воспитно-образовен карактер ќе бидат изведени по однапред изготвени програми.

## *УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ*

Во училиштето учениците се организираат во заедници на паралелката и ученички совет.

Заедницата на паралелката ја сочинуваат ученици од една иста паралелка и избираат претседателство составено од претседател, заменик претседател и секретар.. Заедницата на паралелката ја претставува претседателот, кој има свој заменик.

Ученичкот совет е облик на организирање на учениците на ниво на училиште составен од претседател, потпретседател, генерален секретар и претседателите на заедниците на паралелките во училиштето. Ученичкиот совет работи на седници кои можат да бидат редовни и вонредни и ќе се одржуваат најмалку еднаш месечно. Конститувната седница на ученичкиот совет ќе се одржи во третата седмица во септември,

Ученичкиот совет избира и разрешува двајца свои претставници во училишниот одбор на училиштето.

Во училиштето се избира и ученички правобранител кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето и ги застапува учениците пред стручните органи и консултативните тела на училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од редовните ученици во училиштето по пат на тајно гласање во мандат од две години.

Во рамките на училиштето функционира Младинската организација во соработка со стручната служба. Во рамките на училиштето функционира и Секцијата на млади во соработка

со Општинскиот Црвен Крст кои се насочени кон спроведување на активности со хуманитарен карактер, како и училишниот хор. Во оваа учебна година Младинската организација планира реализација на следните активности:

- Активности за подигање на свеста за поголема редовност и присуство на учениците во училиштето;
- Дебата / Посета на театар;
- Организирање и одржување на хуманитарен концерт;
- Организирање на предавање од Црвен Крст - ден на Црвен Крст;
- Организирање и одржување на разни трибини и дебати во согласност со потребите и интересирањата на учениците;
- Организирање и одржување на предавања и активно вклучување во активностите од областа на екологијата поврзани со реализација на Планот за интеграција на еколошката едукација во образовниот систем, зголемување на свеста на учениците за значењето на здравата и чиста средина и нејзиното одржување;

## ЕКО ПАТРОЛИ

Согласно насоките за реализација на еколошката програма, секоја нова учебна година училиштето формира и назначува ученици кои ќе бидат вклучени во еко-патролите.

Изборот и назначувањето ќе се извршат на почетокот на учебната година во месец септември, кога ќе почнат да се избираат и формираат класните раководства.

Во еко-патролите вклучени ќе бидат сите ученици без разлика на полот, возраста и етничката припадност, коишто доброволно сакаат да придонесат за поодржлив еколошки развој и почиста и поздрава животна средина. Ќе се настојува еко-патролите да ги има речиси во сите паралелки и години. Учениците ќе имаат посебни ознаки и обележја дека се дел од еко-патролата на училиштето.

По формирањето на конечните списоци со имињата и паралелките на учениците, коишто ќе бидат дополнително приложени кон оваа Годишна програма, еко-патролите редовно (месечно) ќе подготвуваат најразлични извештаи, како и листи за следење на реализацијата на точките на акција од претходно воспоставените еко-стандарди.

## ЕКОЛОШКИ АКЦИИ И КАМПАЊИ

Еколошките акции и кампањи ќе се организираат како дел од еколошката програма, со цел да се промовираат еколошките активности во пошироката заедница, да се подигне свеста и да се вклучат поголем број на ученици, деца, вработени, родители, медиуми и сл.

Сите еколошки акции и кампањи коишто ќе се реализираат во текот на оваа учебна година се веќе претходно наведени и испланирани во Планот на активности и Календарот за работа.

Ќе бидат организирани едукативни предавања, презентации, трибини на теми од екологијата, конзумирање на здрава храна, теми од заштита на физичкото и емоционалното здравје на младите од страна на ментори и стручни лица, родители со искуство и едуцирани за овие теми итн.

Активностите во врска со едукацијата на учениците од овие теми ќе започне уште на почетокот на учебната година и ќе се реализираат во текот на целата учебна година (1-2 пати месечно). Термините ќе се одредат дополнително во зависност од можностите и слободното време на учениците.

Дел од овие теми ќе бидат вклучени во изработка на проекти од проектните активности и проектните задачи, се со цел што поопширно и повеќе да се добиваат информации од екологијата и заштитата на здравата животна средина.

## ЕДУКАЦИЈА ЗА ЗДРАВА ХРАНА

Согласно еколошката програма "Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" и кампањата "Здрава храна за детство без мана" во училиштето редовно ќе се организираат и реализираат активности со кои ќе се едуцираат учениците за правилна исхрана, за водење здрав начин на живот и консумирање на здрава храна.

Сето ова ќе се реализира преку разговори на класните часови,учество на предавања и презентации, изработка на проекти, организирање денови на здрава храна и сл.

Носители на овие активности ќе бидат класните раководители, стручната служба, учениците, наставниците по биологија, како и членовите на еко-одборот.

## БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Покрај дисциплината и грижата за здравјето на учениците и наставниците, училиштето ќе прави постојани напори и за водење на целосна контрола за подобрување на безбедноста во училиштето.

Гимназијата е опремена со видео надзор преку поставување на видео камери во внатрешноста на училишната зграда и во ходниците на училиштето. Сите вработени влегуваат и излегуваат од своето работно место преку службениот влез со задолжително евидентирање преку електронски картички. За учениците има обезбедено и посебен влез од училишниот двор.

За поголема безбедност на службениот влез секојдневно има по еден дежурен ученици, којшто води писмена евиденција за влегување на странките. Во училиштето има двајца дежурни предметни наставници, како и две лица од помошно-техничкиот персонал.

Училиштето води голема грижа за заштита на учениците при изведување на практична настава по одредени наставни предмети од природните науки: физика, хемија и биологија. Кога

вршат опити и експерименти наставата се изведува во специјализирани училници-кабинети и секогаш во присуство на предметниот наставник.

Во училиштето постои обучен кадар (наставници) за давање на прва медицинска помош и заштита при несреќен случај во училиштето. Во текот на годината ќе се планира обука за прва помош и заштита на целиот наставен кадар, за правилно постапување во случај на несреќа во училиштето. Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош и заштита, која во согласност со рокот на употреба на опремата за користење редовно се обновува.

Училиштето ги користи сите позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство и во случај на поднесување на поплаки, училиштето настапува навремено и непристрасно. Според пишан документ, во училиштето строго се забранети сите видови на психичко и физичко насилство.

Училиштето има донесено Правилник за однесување на учениците во кој е наведено дека, доколку кај учениците се јават проблеми од било каков карактер можат да се обратат за помош кај педагошко-психолошката служба во училиштето. Стручната служба во согласност со годишната програма на училиштето организира работилници и трибини, преку кои учениците се насочуваат да препознаваат облици на насилство и заштита од истите, како и превенција од меѓусебно насилство, омраза и други типови на нетрпение во училиштето.

Во текот на учебната година ќе се настојува да се следат сите новини од оваа област и истите навремено да се имплементираат во училиштето се со една единствена цел за целосна грижа за здравјето на учениците и вработените, како и обезбедување сигурна и безбедна училишна средина за учење и работа.

СОУ „Методи Митевски Брицо“ усвои Политика за Заштита на Децата со цел да обезбеди соодветни упатства и мерки за заштита од прекршување на правата на детето на сите нивоа за време на редовната работа на СОУ „ Методи Митевски Брицо“. Политиката вклучува дефинирање на правата на детето на заштита од насилство и и злоупотреба, кодекс на однесување поврзан со почитување на правата на детето. Исто така, оваа политика вклучува протокол за постапување во случаеви на насилство, заедно со упатства, предлог мерки и прилози за примена во случај на злоупотреба на деца.

Оваа политика е подготвена со поддршка на Коалиција на младински организации СЕГА, во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци. Политиката е во согласност со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издадено од Министертството за образование и наука.

## САМОЗАШТИТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Согласно правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции( Службен В. на Р.М. бр:139/2025 од 10.07.2025), во наставниот процес ќе се обработуваат теми за обучување за самозаштита.

Обучувањето за самозаштита опфаќа наставни теми поврзани со: природни непогоди (земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство); други несреќи (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер).

Учениците преку реалирање на активности за обучување за самозаштита ќе стекнат знаења, вештини и ставови поврзани со следниве подрачја и содржини:

- Препознавање и разбирање на основните поими и видови на природни, техничко – технолошки и други опасности
- Препознавање на причините, карактеристиките и можните последици од различни ризични настани
- Примена на превентивни и оперативни мерки за лична и колективна заштита и спасување

Темите за обучување за самозаштита ќе се реализираат во рамките на наставните програми по задолжителни предмети или како изборни програми, согласно наставниот план и наставните програми. Обучувањето за самозаштита ќе се реализира преку теоретски предавања, работилници, кабинетски и теоретски вежби, симулации и натпревари.

Содржините и активностите за обучување за самозаштита ќе се реализираат од страна на

- наставници кои реализираат настава по предметите во чии наставни програми се интегрирани содржините за обучување за самозаштита

- наставници кои се определени да реализираат изборни програми, вонnаставни активности, практични вежби, симулации и други форми поврзани со обучувањето за смаозаштита
- наставници кои не реализираат редовна настава по предметите каде се вклучени содржините за обучување за самозаштита, но се ангажирани за спроведување на поврзани активности, кои се определени од страна на директорот на училиштето, по предлог на наставничкиот совет.

## КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ

Кариерното советување претставува водство или насочување на поединецот во врска со образование, обука и професија. Насочувањето се одвива преку образование за кариера и информирање за пазарот на трудот. Кариерата претставува уникатна појава која се гради долж целиот животен век а ги вклучува семејството заедницата и слободното време. Со кариерното советување учениците се подготвуваат за нивниот понатамошен професионален развој.

Училиштето ќе им помага на учениците при изборот на занимањето и институцијата за понатамошно образование во соработка со кариерниот советник. Кариерниот советник ќе го спроведува кариерното советување на следниот начин:

- обезбедува квалитетни и ажурирани информации за можностите за кариерно насочување преку понатамошно образование и пристап на пазарот на труд.
- Врши проценка за препознавање и соодветен одговор за потребите за кариерно советување и развој на секој ученик
- Води континуирана евиденција за индивидуалните совети и учество на сите ученици во процесот на кариерното советување и насочување за понатамошно образовани и/ или пристап на пазарот на труд
- Дава насоки на наставниците за поврзување на наставните содржини со кариерното советување и истакнување на придобивките од стекнатите знаења и вештини со понатамошниот кариерен развој на учениците
- Соработува со работодавачите со цел запознавње на учениците со процесите на работењето, врабоувањето и вештините потребни на одредено работно место
- Соработува со образовните установи и институции со цел насочување на учениците кон понатамошно образование
- Организира групно и индивидуално кариерно советување на учениците во соработка со работодавачите и образовните установи и институции
- Води индивидуален кариерен план на ученикот

- Организира обуки и работилници за кариерно планирање, спроведува тестови за самопроценка и развој на вештини, обезбедува информации за различни професии и образовни можности и помага на учениците да изработат лични кариерни планови
- Учество во работата на стручните органи на училиштето и помош во работата на ученичката заедница
- Соработка со родителите поединечно и преку родителски состаноци
- Организира „Денови на кариера“

Кариерниот советник во соработка со класниот раководител и стручната служба на училиштето ќе врши следење на понатамошниот кариерен пат на ученикот во рок од шест месеци по завршувањето на средното образование.

Следењето ќе се спроведува со цел прибирање информации за тоа дали ученикот:ормации за тоа дали ученикот:

- Го продолжил образованието и на кој факултет или високошколска установа
- Се вработил и во кој сектор (јавен или приватен)
- Е задоволен од својот избор на кариера
- Добил корисна поддршка од кариерното советување спроведено во училиштето

## ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во однос на естетското и функционално уредување на просторот во училиштето, сите субјекти, наставниците, учениците и родителите, ќе имаат потполно право и слобода во давањето предлози и идеи за подобрување на естетскиот изглед на училиштето.

Овие предвидени активности, најпрво ќе започнат со спроведување на анонимна анкета за учениците и наставниците, каде што тие би имале можност да го искажат своето мислење и својот став. По обработката на податоците од анкетата, стручните тела и органи ќе донесат конечен предлог и ќе формираат посебни комисии за реализирање на активноста во којашто ќе бидат вклучени и самите ученици.

За развивање на одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на училишниот простор ќе се водат и разговори на класните часови и на некои од часовите по другите наставни предмети на коишто ќе се укаже на важноста од добро испланиран и естетски уреден простор за учење, работење и живеење.

Од голема важност и корист во оваа област има и вклучувањето на училиштето во проектот „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем", преку кој ќе се организираат и реализираат низа еколошки акции за чистење и разубавување на училишниот простор.

Во сите овие активности ќе бидат вклучени ученици-доброволци, без разлика на возраста, полот и етничката припадност.

## ОДНОСИ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ

Нашето училиште отсекогаш негувало добра соработка и комуникација помеѓу сите структури, без разлика на возраста, полот и работното место. За подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, училиштето постојано ќе организира и реализира заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености и друг вид на дружење со што се придонесува за попродуктивна соработка.

Училиштето ќе води грижа за заемно почитување и рамноправен третман на сите субјекти.

Училиштето ќе ги вклучува учениците во најразлични видови на активности, без разлика на полот, возраста, верата, способностите, социјалната структура и етничката припадност.

Отворената и искрена комуникација со нив ќе нуди побогат и поквалитетен воспитно-образовен процес.

Вработените, а особено класните раководители ќе разговараат со учениците за одржување на постојано добра, ведра и позитивна атмосфера во училиштето, со особен акцент на комуникација меѓу учениците, заемната грижа и меѓусебно помагање во делот на наставата и личните проблеми.

Во училиштето ќе се настојува да се дава огромно значење и на комуникацијата како важен сегмент од секојдневното живеење и работење. Секој вработен во училиштето ќе се залага за развивање на поволна училишна клима.

Училиштето ќе соработува и со родителите. Таа соработка и комуникација ќе биде перманентна, транспарентна и јавна. И родителите , како и учениците, ќе бидат активно вклучени во наставните и вон-наставните активности. Родителите ќе бидат вклучени и при избор на училишните екскурзии на учениците и други прашања што се од нивно значење.

Покрај членството во Советот на родители, членството во Училишниот одбор, тие во наставниот процес се вклучени и преку родителски средби, индивидуални разговори, но и преку електронската комуникација кога истите редовно се информирани преку е-дневникот или смс порака за успехот, редовноста и поведението на ученикот.

Односот помеѓу сите структури во воспитно-образовниот процес секогаш ќе биде рамноправен, пријателски и ќе создава позитивна атмосфера.

Доколку се појават некои негативности во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето, ќе се изнајдат начини и методи, како на пример, разговори, состаноци, работилници, дебати, дискусии, преку кои ќе се настојува да се надминат тие слабости.

Нашата цел во иднина ќе биде уште повеќе да ја подигнеме свеста и интересот кај сите структури, за што поактивно и поконтинуирано да делуваат со свои идеи и предлози, со што би

се зголемила заемната доверба и комуникација и би се подобрил квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Како предлог активности кои ќе се реализираат во текот на учебната година ќе ѓи спомeнеме: спортување во спортската сала, каде ќе бидат реализирани натпревари во повеќе дисциплини, како на пример: влечење на јаже пинг-понг, шутирање на слободни фрлања, играње на табла, шах и друго. Натпреварите ќе се одржуваат по разни поводи, како на пример: предновогодишни празници, 8 Март, патронен празник, меморијални турнири и сл. По завршувањето на спортската активност ќе следи заедничко дружење и забава.

Покрај рекреирањето и спортските натпревари ќе се планираат и еднодневни и повеќедневни екскурзии. Истите ќе се реализираат во неработни денови, а изборот на дестинациите, како и времетраењето на екскурзиите ќе зависи од расположливите слободни денови и од желбата на вработените.

## ДИСЦИПЛИНА

За дисциплината и редот на Гимназијата како воспитно-образовна институција отсекогаш постоеле Правилници и Кодекси на однесување на сите субјекти вклучени во овој процес.

Покрај Законот за средно образование, Законот за работни односи, Статутот на училиштето и други законски акти, училиштето ќе се води и работи и по други дополнителни интерни правилници. Истите, редовно ќе се ажурираат со некои нови содржини во зависност од промените во општеството.

Овие интерни акти се секогаш достапни за сите и се на видно место. Сите инволвирани во воспитно-образовниот процес ги почитуваат поставените правила и принципи.

Дисциплината на учениците е на завидно ниво. Односот на учениците од ист и различен пол е коректен, со заемно почитување и соработка. За време на наставата и другите училишни активности постои позитивна работна атмосфера. Најголем процент од вкупниот број на ученици имаат примерно поведение. Како најчеста причина за намалување на поведението и нарушена дисциплина се доцнењето на часовите или напуштање на поедини часови од најразлични причини. Сето ова ќе се надмине со индивидуални разговори со учениците, родителите, класниот раководител и стручната служба.

Наставниците успешно се справуваат со дисциплината и редовноста на учениците. Доколку не се почитуваат кодексите на однесување ќе се изречат соодветни педагошки мерки во присуство на класниот раководител, ученикот, родителот и стручната служба.

Од страна на стручната служба се презема активност за условно запишување на ученици со незадоволително поведение во наредната учебна година со потпишување на Изјава.

Во своите интерни документи училиштето има пропишано скала на неоправдани изостаноци и соодветни педагошки мерки, како и скала на поведение.

Секојдневно ќе се следат новите измени во законите за работа, па доколку има потреба ќе се формираат комисиии за изготвување на новите измени и дополнувања.

## СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Соработката со родителите се остварува со меѓусебно информирање и соработка на наставниците и родителите. Соработката со родителите на учениците ќе се реализира прекуродителски средби, организирани разговори, секојдневни контакти, посета во домови и др.

Училиштето организира 5 родителски средби за време на учебната година, а секој четврток е отворен ден за прием на родители. Во зависност од потребите класниот раководител може да закаже и вонредна родителска средба за решавање на актуелните проблеми.

Според законските одредби педагогот на училиштето врши и советување на родителите чии деца имаат повеќе од три слаби оцени, намалено поведение или неученичко однесување.

Советувањата се вршат групно по претходно изготвен план.

Исто така соработката со родителите се одвива и преку Советот на родители со чии активности се афирмира и се збогатува севкупното функционирање на училиштето. Целта на работата на Советот на родители е да се обиде да ја воспостави врската помеѓу родителите и училиштето, што е пак многу значајно за правилно насочување на воспитно образовниот процес.

Позначајни подрачја поместени во програмата на Советот на родители ќе бидат

- Запознавање со програмата за работа на училиштето
- Подготвеност на училишните објекти за изведување настава
- Обезбеденост со наставен кадар кај учениците
- Поголема соработка со наставниците
- Соработка за разрешување на воспитните проблеми
- Превоз, хигиенски услови и здравствена заштита на учениците
- Организација на повеќедневни екскурзии од научен карактер
- Вклучување на родителите во општествено-корисната работа и проектите во училиштето
- Грижа и активности за обезбедување на материјална помош на училиштето преку спонзорства и лобирање во претпријатија

### План за соработка со родители

| Реден број | Дневен ред | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1 | • Запознавање на родителите со календарот за работа во учебната година;<br>• Разговор за односот на учениците кон школскиот имот и учебниците, запознавање | 5-20.09.2025 |

| | | |
|---|---|---|
| | со Куќниот ред, Кодексот на однесување , Етички кодекс во оценување, педагошки мерки и др.<br>• Избор на членови за Совет на родители;<br>• Информација за денот и часот за прием на родители | |
| 2 | • Успех и поведение на учениците во првото тромесечие од првото полугодие | 20-30.11.2025 |
| 3 | • Успех и поведение на учениците во првото полугодие | 10-15.01.2026 |
| 4 | • Успех и поведение на учениците во првото тромесечие од второто полугоди | 20-30.04.2026 |
| 5 | • Враќање на учебниците<br>• Соопштение за успехот на крајот на учебната година | 10-15.06.2026 |

## СОРАБОТКА СО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА, СТОПАНСТВОТО И ЈАВНИОТ ЖИВОТ

Оваа дејност се остварува преку соработка со:

- основните училишта во Општината и околните општини со цел за да добиеме повратна информација за тоа каде учениците би продолжиле образование и што е она што тие бараат како професионалнс ориентација за понатаму.
- месни заедници на селата од каде имаме ученици во училиштето
- здраствена установа
- невладини организации
- организациони единици при МОН и БРО на Република Македонија
- градска библиотека
- дом на културата
- културно уметничко друштво
- спортски клубови
- црква
- фабрики што работат со нашата општина и во блиските општини со цел за изведување на посети за учениците од стручното образование.
- Државен просветен инспекторат
- Државен испитен центар
- Општина Делчево
- Совет на општина Делчево
- Агенција за млади и спорт
- Министерство за труд и социјална политика

- УСАИД
- Факултетите во Република Северна Македонија
- Археолошки музеј на општина Делчево, Музеј на Македонија, Археолошки музеј, Музеј на современа уметност, Музеј на Македонската борба, Музеј на Холокауст и други.
- Црвен крст на Македонија
- Национална агенција за образовни програми и мобилност и др.

## СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Нашето училиште остварува редовна комуникација и соработка со Општината во однос на :

- организација на културни забавни и спортки активности;
- вклучување во сите збиднувања организирани од страна на Општината по разни поводи;
- организирање на повеќедневна екскурзија надвор од границите на Државата за учениците од завршните класови кои се изберени за најдобри во генерацијата.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Целта на соработката пред се е размена на искуства од воспитно-образовната работа, размена на посети на ученици и наставници, интернет комуникација и соработка, помош во организирање на предавања и семинари од вработените од училиштата во овие држави, организација и реализација на заеднички спортски настани, игри и натпревари, се со цел унапредување на соработката, размена на културата на живеење, традицијата и сл.

Се планира меѓународната соработка да се прошири со други училишта од други земји во регионот.

## УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Училиштето како и досега активно се вклучува на регионалните и државните натпревари. Постигнатите резултати секоја година се различни, но ги поврзува едно, а тоа е дека секоја година учениците од нашето училиште се враќаат со награди и постигнати високи места на натпреварите, што ја докажува несебичната посветеност на професорите кон учениците и квалитетот на наставата која се нуди во училиштето.

Учениците се вклучуваат на натпревари организирани од министерството за образование и наука и постигнуваат високи резултати.

## КУЛТУРНА И ЈАВНА ДЕЈНОСТ

Речиси да нема настан во општината кој поминува без учество на нашите ученици во него.

Координатори за јавна и културна дејност ќе бидат наставниците по музичко образование, ликовно образование и македонски јазик и литература.

Оваа организација ќе планира, организира и врши посети на јавни установи како што се : кино, театар, музеи, ученички креативни центри, соработка со медиуми и слично.

Со посебна програма и јавен настап училиштето ќе го одбележи денот на училиштето, а со одржување на посебни часови, пригодни предавања и програми ќе се одбележат сите поважни датуми, настани и јубилеи.

## СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДНУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

Во училиштето ќе се организира систематско следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа. Следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната работа опфаќа:

- Следење на планирањето, програмирањето и подготовката на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето.
- Планирање и подготовка на наставниците за изведување на настава.
- Планирање, програмирање и реализација на активностите на педагошко-психолошката служба во училиштето.
- Следење, проверување и вреднување на успехот што го постигнуваат учениците и наставниците во наставата и воннаставните активности.
- Успехот на учениците ќе се следи континуирано од страна на сите релевантни субјекти, и ќе се настојува да се постигне што пообјективно оценување.
- Перманентно стручно усовршување на директорот, наставниците, педагогот и библиотекарот
- Воспитно-образовниот кадар перманентно стручно ќе се усовршува низ различни форми:
    - преку обработка на теми на Наставнички совети и Стручни активи
    - преку учество на семинари и советувања организирани од страна на БРО и интерно стручно усовршување
    - преку следење на стручна литература
    - преку учество во работата на стручни активи.
- Водење на педагошка евиденција и документација во рамките на сите подрачја што ја сочинуваат дејноста на училиштето.

## СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во училиштето постои интерно оценување на постигнувањата на учениците кое се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализи на состојбите во четири класификациони периоди.

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат бројчано. Анализите се однесуваат на следните педагошки појави: општ успех по предмети, редовност на учениците и поведението на учениците.

Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, тестови, писмени вежби, писмени вежби, контролни задачи, есеи, проекти, набљудување и др) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерот за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Класниот раководител е должен за постигнатиот успех на учениците да ги известува родителите најмалку четирипати во текот на учебната година.

## ПЛАНИРАЊЕ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

И оваа година процесот на собирање и интерпретирање на информациите за учењето и постигањето на учениците ќе се користат за:

- Информирање на учениците и нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата и способностите;
- Обезбедување подршка на наставниците за да ја модофокуваат наставата;
- Информирање на другите надлежни структури кои донесуваат одлуки за образовната политика која што се донесува за учениците;

Меѓу оценувањата кои ги користат наставниците се:

- Одговори на прашања поставени од насавникот или од самите ученици;
- Листа за проверка ;
- Усни презентации;
- Есеи и писмени работи;
- Тестови на знаење (изготвени од наставникот);
- Проектна работа;
- Портфолија.

Сите инструменти кои се употребуваат се во насока на формативно или сумативно оценување и следење на постигањата на учениците, со заедничка цел, а пронаоѓање на проблемите во учењето и нивно полесно надминување,како и формирање на појасна, попрецизна и реална оценка на крајот на годината.

Задачи на оваа подрачје се:

- Воспоставување на систем за постојано следење и прибирање на податоци за планирањата на оценувањето на постигањата на учениците ;
- Следењето да стане перманентна задача на сите субјекти вклучено во воспитно-образовната дејност;
- Унапредување на континуитетот и објективноста во оценувањето;
- Стручно усовршување на наставниот кадар;
- Јавно информирање за постигањата на сите субјекти кои се заинтересирани за воспитно-образовната дејност;
- Објективно вреднување и оценување на резултатите што се постигнуваат во наставата;
- следење на оценувањето и воведување на етички кодекс на оценувањето на ниво на училиште.

***План за реализација на следењето на оценувањето како дел од наставниот процес***

| **Цел 1: Унапредување на континуитетот и објективноста во оценувањето** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача 1 : Креирање на училишното планирање на оценувањето и кодексот на однесување при оценувањето** | | | | | | |
| **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурски** | **Инструменти** | **Следење, повратна информација** | **Реализација** | **Критериуми на успех** |
| Стручна служба, наставник-обучувач | Наставници ученици | Податоци од анализа на состојбата стручни материјали | Работни листови од спроведена работилница со наставници | Нацрт верзија во училишното планирање на оценувањето | септември 2025 | Квалитетно училишно планирање |
| **Задача 2 : Промовирање на училишното планирање на оценувањето и кодексот на однесување при оценувањето** | | | | | | |
| **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурски** | **Инструменти** | **Следење, повратна информација** | **Реализација** | **Критериуми на успех** |
| Стручна служба, наставник-обучувач | Совет на родители; Наставничк и совет; Училишен одбор | Програма за планирање на оценувањето и постигнување то на учениците | Конечна верзија на училишното планирање | Записници и одлуки на : Совет на родители, Наставнички совет, Училишен одбор. | септември 2025 | Усвоено училишно планирање за оценувањето |
| **Задача 3 : Следење на кодексот на оценување и и кодексот на однесувањето при оценувањето** | | | | | | |
| **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурски** | **Инструменти** | **Следење, повратна информација** | **Реализација** | **Критериуми на успех** |
| Директор; Педагошка служба; | Наставници | Планирање на наставниците | Портфолија Скала на процена | извештаи | континуирано | Реализирани посети, изработени извештаи и констатации |
| **Задача 4 : Анализа на резултати од спроведено следење на оценувањето и почитувањето на кодексот на оценувањето** | | | | | | |
| Реализатори | Целна група | Ресурски | Инструменти | Следење, повратна информација | Реализација | Критериуми на успех |
| Директор; Педагошка служба; | Наставници | Планирање на наставниците | Обработка на податоците | Анализа на податоците | Полугодие и крај на | Подобрен континуитет во оценувањето |

| | | |
|---|---|---|
| Претседатели на стручни активи | за оценувањето | учебната година |

| Цел 2 : Зголемена соработка комуникација на училиштето со родители и локалната заедница | | | |
|---|---|---|---|
| **Задача 1 Зголемување на бројот на состаноци со совет на родители и родителски средби** | | | |
| **Активности** | Носители | Реализација | Резултати |
| Планирање на состаноци и родителски средби | Стручна служба; Наставници;Директор | Континуирано | Зголемена соработка и информираност на родителите |
| Одржување на средби и состаноци | Стручна служба; Наставници;Директор | Континуирано | Зголемена соработка и информираност на родителите |

| Цел 3 : Подржување на континуитетот и објективноста во оценувањето | | | |
|---|---|---|---|
| **Задача 1 Планирање на оценувањето на учениците во сите подготовки на наставниците** | | | |
| **Активности** | Носители | Реализација | Резултати |
| Планирање на оценувањето во подготовките | Сите наставници | Континуирано | Воведувањето на нови и поразлични форми во оценувањето доведува до поголема интеракција меѓу наставникот и учениците |
| Реализирање на планираните содржини | Сите наставници | Континуирано | Воведувањето на нови и поразлични форми во оценувањето доведува до поголема интеракција меѓу наставникот и учениците |
| **Задача 2 Примена на различни форми на оценување со почитување на стандардите** | | | |
| **Активности** | Носители | Реализација | Резултати |
| Примена на различни форми на оценување на учениците | Сите наставници | Континуирано | Поинтересни часови, помотивирани ученици |
| Анализа на резултатите од примената на различни форми на оценување на учениците | Стручна служба | Мај-јуни 2026 | Поинтересни часови, помотивирани ученици |

## ВРЕДНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА НАСТАВНИКОТ

Оваа година акцентот ќе се стави на следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставата. Сите предметни наставници се должни до 15 септември 2025 да ги достават новите годишни глобални планови како и првите наставни теми. Исто така секој од нив треба да поседува дневна подготовка за реализација на наставниот час која ќе биде предмет на систематско анализирање и вреднување.

Ќе се следи и евидентира секоја забелешка во поглед на потешкотиите и слабостите особено во новите наставни планови и програми со цел истите да се надминат.

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници во однос на квалитетот на работата и постигањето на кмпетенциите и стандардите на наставниците и стручните соработници ќе се врши од страна на Бирото за развој на образованието, Центарот за развој на образованието и од страна на директорот на училиштето.

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе го опфаќа следното:

- Настава и други видиви организирана работа со учениците;
- Следење и оценување на учениците;
- Планирање на наставата и избор на форми, методи и сретства за нејзино реализирање;
- Подготовка на дидактички помагала;
- Соработка со родителите;
- Вршење на задачи на класен раководител;
- Учество во интерно проверување на учениците;
- Водење на педагошка евиденција и документација;
- Уредување на кабинети, збирки, училишни работилници, вежбални, игралишта, насади и сл.
- Организирање на културни, спортски и други општокорисни активности со учениците;
- Водење на слободни ученички активности и работа на проекти и истражувања со учениците;
- Подготвување и водење екскурзии, излети, натпревари, настава во природа, и сл;
- Вршење на други работи предвидени со годишната програма;
- Стручната служба и директорот континуирано водат педагошки картон за наставникот и Професионално досие за наставници и стручни соработници. Секој наставник води сопствено наставничко портфолио

.

## ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

Во текот на целата учебна година ќе се следи, анализира и уредно ќе се води педагошка евиденција и документација во сите подрачја на дејноста на училиштето:

- дневници на паралелките за секоја паралелка
- ученички книшки
- евидентни листови
- свидетелства
- преведници на учениците
- главни книги
- записнички книги од Наставнички совет, стручни активи, училишен одбор, стручна служба
- распределенија на наставниците по предмети и класови

## СТРУЧНО И ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ДРУГИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Перманентното стручно и педагошко образование и усовршување е потреба и обврска на наставниот кадар и е важен услов за успешно организирарње на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето. Бидејќи унапредувањето на наставата е една од приоритетните задачи на нашето училиште, активностите од овој домен, односно оспособувањето на наставниците за примена на иновации во наставата ќе бидат програмирани на ниво на училиште.

Во програмата за стручно усовршување во рамките на училиштето, посебен акцент ќе се стави на начините на функционирање и практичната примена на иновациите т.е. ќе се организираат вежби за примена на иновациите, прикази на нови методски постапки, следење и анализирање на применетите иновации. Тоа ќе значи интензивирање на интерното стручно усовршување на наставниот кадар.

За постигнување целосен континуитет и постапност во реализацијата, програмата за стручно усовршување на ниво на училиште ќе го има следниот тек на реализација:

### *Индивидуално стручно усовршување*

- следење на содржини од стручни и педагошки списанија;
- читање на стручна и педагошка литература која може да се најде во училиштето;
- самостојно користење на разни извори на знаење: учебници, прирачници, енциклопедии, периодики, радио и ТВ емисии, интернет;
- присуство и учество на семинари, советувања и сл.

***Колективно стручно усовршување ќе се реализира преку работата на стручните активи и наставничкиот совет и тоа преку***

- теоретска разработка на иновацијата;
- изработка на методски пристап на наставен час со примена на иновација;
- изведување нагледен наставен час во кој е применета иновацијата;
- организирање на практична работилница;
- меѓусебна посета на часови со примена на иновации;
- тематски дебати, разговори, дискусии по одредени иновации;

***Иновациите ќе се однесуваат на:***

- примена на индивидуализирана настава со примена на моделот на диференцирана настава на повеќе тежински нивоа;
- работа во парови, групна форма на работа, учење со откривање.
- примена на современи нагледни средства
- самостојно изготвување на инструменти за следење на примената на иновации во наставниот процес и вреднување на часот, аналитички листови.

Стручното усовршување на наставниците за воведување на иновациите ќе биде организирано и во рамките на работата на Наставничкиот совет и тоа преку изработка на стручни и педагошки анализи, извештаи, информации од примената и воведување иновации во наставата во текот на учебната година и др.

Еден дел од грижата за стручно усовршување превземаат соодветните високошколски институции и Бирото за развој на образованието. Наставниот кадар е должен да ги посетува семинарите и советувањата.

# ВОСПИТНА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

### *Морално воспитание*

- поттикнување на другарство и меѓусебна солидарност;
- развивање и негување на меѓусебно помагање;
- критички став кон самобендисаноста, вообразеноста, агресивноста, љубомората
- развивање на смисла за колективна работа;
- поделба и извршување на работните обврски;
- хармонија и дисхармонија во паралелката;
- емотивно зрела и незрела личност;
- принципиелност и доследност во работата и однесувањето;
- развивање на смисла за самокритичност, скромност, истрајност;
- развивање на особините: учтивост, љубезност, пријателство, солидарност, толеранција, меѓуетничко почитување и др.

### *Интелектуално и работно воспитание*

- развивање на навика за редовно извршување на обврските на часовите и дома;
- изградување на култура на слушање, запишување и репродуцирање;
- запознавање на учениците со техниката на водење забелешки, правење изводи, обележување на значајни делови од текст;
- запознавање со техниката и методи за рационално организирање на учењето;
- планирање на дневната и неделната работа.

### *Естетско воспитание и култура на однесување*

- одржување на уредни простории и училници;
- организирање на акции за уредување;
- организирање на дежурства;
- развивање на еколошката свест;
- организирање на посета на изложби, претставиј;
- култура на однесување и комуницирање

### *Здравствено – хигиенско воспитание*

- Развивање на здравствено – хигиенски навики (одржување лична хигиена, употреба на санитарните инсталации, проветрување на простории);
- организирање спортски натпревари;
- превенција од заразни болести и зависности.

# ГОДИШЕН КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

- На денот на Св.Кирил и Методиј, 24 Мај и на Денот на патрониот празник на училиштето, 15 Април, не се изведува настава и во тие денови се организираат културни, спортски и други манифестации.
- Деновите кога се изведуваат ученички екскурзии се ненаставни денови кога се изведуваат посебни програми.
- Настава во училиштето не се изведува и за време на државните празници и празниците во Република Северна Македонија утврдени со посебен закон.

**Како државни празници се утврдени :**

- 8 Септември , - Ден на независноста на Република Северна Македонија;
- 11 Октомври - Ден на востанието на македонскиот народ
- 23 Октомври - Ден на македонската револуционерна борба
- 8 Декември - Св.Климент Охридски;
- 1 Јануари - Нова Година
- Божиќ, првиот ден на Божиќ, 7 јануари според православниот календар;
- Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар;
- 1 Мај – Меѓународен ден на трудот;
- 24 Мај - Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј;
- 2 Август - Илинден;
- Рамазан Бајрам - првиот ден на Рамазан Бајрам

**Празници на граѓаните од православна вероисповед**

- 6 Јануари, Бадник, ден пред Божиќ;
- 19 Јануари , Богојавление ( Водици );
- Велики Петок, петок пред Велигден;
- 28 Август, Успение на “ Пресвета Богородица “(Голема Богородица)
- Духовден, петок пред Духовден

**Празници за граѓаните од католичка вероисповед**

април (понеделник), Велигден, вториот ден на Велигден;

1 ноември (недела), Празникот на сите светци;

25 декември (петок), првиот ден на Божиќ;

**Празници за граѓаните од муслиманска вероисповед**

31 јули (петок), Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам;

**Празници за граѓаните припадници на албанската заедница**

22 ноември (недела), Ден на албанската азбука;

**Празници а граѓаните припадници на српската заедница**

27 јануари (понеделник), Свети Сава;

**Празници за граѓаните припадници на ромската заедница**

8 април (среда), Меѓународен ден на Ромите;

**Празници за граѓаните припадници на влашката заедница**

23 мај (сабота), Национален ден на Власите;

**Празници за граѓаните припадници на еврејската заедница**

28 септември (понеделник), Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур;

**Празници за граѓаните припадници на бошњачката заедница**

28 септември (понеделник), Меѓународен ден на Бошњаците;

**Празници за граѓаните припадници на турската заедница**

21 декември (понеделник), Ден на наставата на турски јазик.

Пријавувањето и спроведувањето на поправните и другите видови на испити во училиштето за учениците од I, II, III и IV година за јунската и августовската испитна сесија ќе се утврди од страна на директорот на училиштето.

Во текот на наставната година ќе се остварат најмалку 180 наставни денови за учениците.

За завршните години на образованието ќе се остварат најмалку 166 наставни денови за учениците.

Уписите за Прва година ќе се спроведат согласно Конкурсот и насоките за запишување, а за другите години во рокови кои ќе бидат истакнати дополнително од страна на училишната комисија за запишување.

Наставниците ќе работат согласно Распоредот на часовите и во зависност од тоа дали работниот однос е со полно работно време или пократко од полното работно време, работите и работните задачи ќе ги извршуваат:

- за наставниците кои се со полно работно време, работите и работните задачи ќе ги извршуваат во училиштетокое изнесува 40 работни часа во текот на работната недела.
- за стручните соработници и другите вработени во училиштето,
- работното време изнесува 40 работни часа во текот на неделата и работите ги извршуваат во училиштето.
- наставниците кои засновале работен однос со работно време пократко од полното работно време, работното време се утврдува врз основа на годишната програма на училиштето и наставните планови и програми

Наставниците, стручните соработници и другите вработени, годишниот одмор ќе го користат во текот на летниот одмор на учениците и тоа по распоред кој ќе биде дополнително утврден од страна на Директорот на училиштето во тековната учебна односно календарска година.

# ПРОЕКТИ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026ГОДИНА

За учебната 2025/2026 година се предвидени повеќе проекти и активности

- Училиштето продолжува да аплицира во програмата на меѓународни ученички проекти со размена од **RYCO Супер Училиште**. Оваа година се аплицира со Економско и Техничко Училиште, Тирана за проширување на знаењата, хоризонтите и соработката.
- И во оваа учебна година продолжуваме се реализација на проектот **„Промоција на безбедна училишна средина“** , проект кој вклучува низа активности како работилници, врснички едукации, соработка со родители, состаноци на кои се дискутира за актуелната состојба во училиштето, нивно видување и начини како до подобра и побезбедна училишна средина. Како дел од овој проект беше реализирана интеркултурна размена во Швајцарија со 8 ученици од училиштео и еден супервизор во траење од 1-16 април 2025 година и овие размени се планираат да продолжат и во иднина со цел учениците да се запознаат со различни култури, да научат да препознаат различни форми на дискриминација, насилство, како да превенираме и да го спречиме насилството и дискриминацијата во училиштето.
- Нашето училиште ке земе учество во процесот на трансформација со фокус на ментално здравје и благосостојба кој ќе го реализира здружението Младите можат во текот на учебната 2025/2026 година. Овој процес опфаќа низа активности и тоа обука за наставен кадар, обука за ученичка заедница и реализација на вонанставни активности за ментално здравје. Динамиката реализација на активностите во новиот циклус ќе биде поделена во два дела и тоа во првиот дел во месец август и септември би се реализирале обуките за наставен кадар и ученици, додека пак во вториот дел е предвиден периодот на имплементација на програмата и вонаставните активности. Програмата за ментално здравје е одобрена за имплементација од Бирото за развој на образование и Министерството за образование и наука од 2023 година.

  По реализацијата на планираните активности училиштето ке добие ознака „Училиште кое се грижи за менталното здравје на учениците “доделена од здружението.
- **Вклучување и подршка во проектите на националната агенција , Еразмус + и соработка за воспитно-образовните проекти и мобилност во учењето**.

  Планирано е аплицирање во проектите преку националната агенција со што ќе се создадат услови за образовно и професионално надоградување на тимови наставници и ученици .
- **Продолжување на проектот за кариерен развој.**

  И во оваа учебна година продолжува подршката што кариерните советници им ја даваат на учениците во поглед на нивното професионално надоградување и ориентација . Проект

кој има позитивни и успешни практики и искуства кои можат да се искористат како можности во училиштето.

- **Активирање на реалната компанија.**

  Во училиштето постои реална компанија за текстилно – кожарскара струка која не работи. Со помош на наставниците , бизнис заедницата и подршката од локалната заедница истата може да се стави во функција за потребите на учиштето и промоција на текстилно – кожарската струка. Планирано е активирање на реалната компанија со можност за производство на ХТЗ облека и знамиња во соработка со наши регионални компании со меѓусебна компензација на средства.
- **Проектот еко училиште -** Интеграција на заштитата на животната средина во воспитно образовниот процес во Република Македонија. Преку оваа програма ќе се подигне свеста на учениците, наставниците, техночкиот персона, родителите и сите други кои се вклучени директно или индиректно во работата на училиштето на темата животна средина, а со тоа ќе се овозможи теоретското знаење да се примени во секојдневниот живот. Со оваа програма учениците ќе стекнат активна и одговорна улога која ќе ја практикуваат во училиштето, во домот, но и во својата локална заедница и пошироко. За имплементација на овој проект изготвена е посебна програма на ниво на активи со која еколошките содржини се интегрираат според можностите во сите наставни предмети во сите класови.
- **Програма за условен паричен надомест за средно образование -** Подобрување на редовноста во наставата на учениците од социјално-загрозените семејства. Проектот „Условен паричен надоместок" го спроведуваат Министерството за труд и социјална политика, Центрите за социјална рабора, Министерството за образование и наука, средните училишта и Министерството за финансии, согласно со Прирачникот за администрирање на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование.

  Проектот има за цел да го подобри пристапот и квалитетот на образование, да го зголеми бројот на ученици запишани во средното образование од домаќинства корисници на социјална парична помош, како и да го поттикне и подобри реализирањето назадолжителното средно образование.
- **Образование за животни вештини -** Да ги користат своите знаења за да изберат и практикуваат здрави облици на однесување и да ги избегнуваат оние кои се закана за нивното лично и емоционално и социјално здравје
- Користење на информационен систем за Управување со образованието (ЕМИС/ЕСАРУ И Е-дневник)
- ЕДУИНО – учество на наставници во креирањето на наставни содржини за учење на далечина
- **Продолжување на проектот за Социјално зближување** преку изградба на центри за активности според интереси ИПА – Програма за прекугранична соработка Македонија –

Бугарија. Заедно со партнер училиштето и добрите практики ќе се аплицира и по други оски од програмата на ИПА проектите во делот на енергетската ефикасност и еколошката едукација.

- **Продолжување на соработката со средно училиште од Љубљана, Република Словенија.**
- **Единство на природата**

  Проектот се планира да се реализира по предметите од природните науки, а ќе биде реализиран во соработка со основните училишта ООУ„ Ванчо Прќе“ Делчево и ООУ„Св Климент Охридски“ Делчево,. Целта на проектот е да се зголеми интеракцијата и соработката помеѓу учениците и наставниците од трите училиште, да се популаризираат природните науки и да се афирмира СОУ„ М М-Брицо“ како училишен центар кај идните средношколци.

  Целите ќе се постигнат со следните активности:

  -Презентација на идејата пред колегите од основните училишта;

  -Формирање на тимови од ученици средношколци како носители на активностите за реализација на проектот;

  Вклучување на ученици од основните училишта во тимовите, кои активно ќе партиципираат во изведување на активностите;

  Презентација на активностите преку социјалните медиуми , и медиумите на општинско ниво;

  Организирање на показни вежби, истражување во природа на живиот свет, експериментирање од природните науки, заеднички еколошки акции, научно наставни екскурзии посветени на природните убавини и реткости на нашата татковина, квиз натпревари и сл.
- **Следење и аплицирање на нови проекти во текот на целата учебната година кои можат да го подигнат квалитетот на наставата во училиштето.**

Сите овие проекти- активности имаат за цел :

- Унапредување на наставата
- Подобрување на успехот на учениците
- Подобрување на постигнатите резултати на училишни и државни натпревари
- унапредување на климата на меѓусебни добри човечки односи врз база на почитување и толеранција
- Иницирање на е-учење
- Спроведување на аналитичко истражувачки анкети
- Воспоставување на соработка со други училишта од Македонија

# ПРИЛОЗИ КОН ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

- План за реализација и евалуација на приоритетните цели за учебната 2025/2026 година
- Програма за подобрување на односите наставник-ученик-родител и намалување на недисциплината
- Програма за соработка на наставниците со родителите
- Програма за работа со надарени и талентирани ученици
- Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето
- Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби
- Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, интегрирано планирање во наставата
- Програма за работата на стручните и одговорните органи во училиштето
    - Програма за работа на училишниот одбор
    - Програма за работа на Советот на родители при СОУ "Методи Митевски - Брицо" – Делчево
    - Програма за педагошко-инструктивната работа на директорот на училиштето
    - Програма за работа на помошник директорот на училиштето
    - Програма за работата на Наставничкиот совет
    - Програма за работата на Советот на паралелката
    - Програма за работата на стручната служба
    - Програма за работа на развојниот тим на училиштето
    - Програма за работата на стручните активи во училиштето
    - Програма за работа на класните раководители
- Програма за реализација на ученички екскурии
- Програма за работа на ученичката заедница при СОУ „Методи Митевски - Брицо" – Делчево
- Програма за работа на административно-техничкиот персонал и помощниот персонал.

Претседател на училишен одбор

____________________________________

Весна Димитровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ М.БРИЌО
1
ДЕЛЧЕВО